Проектот " Margina Obscura "
е поддржан од Европска Унија

еднаквост

# ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА

## Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

Полио Плус
движење против хендикеп

**ПОЛИО ПЛУС**
движење против
хендикеп

MARGINA OBSCURA

ACED
Agency for Cooperation, Education and Development

Публикацијата **„Изгубената агенда" - демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација** е изработена во рамките на проектот: Margina Obscura – прашањето на хендикеп во пристапувањето кон Европската Унија. Главната цел на проектот е да го зајакне влијанието на граѓанскиот сектор преку Единствен глас на Организациите на лица со хендикеп, при креирањето на јавните политики, донесувањето на одлуки и зајакнувањето на граѓанскиот и политичкиот дијалог.

Публикацијата е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија.

Содржината на оваа публикацијата е единствена одговорност на Полио Плус и на никаков начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија

# ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА

## ДЕМИСТИФИКАЦИЈА НА ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП ВО ОБЛАСТА НА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Мислењата што се изразени овде припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на  Полио Плус

Публикацијата може да се репродуцира за едукативни намени на кој било начин без наплата. При копирањето за други цели, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

Публикацијата е достапна во електронска форма на www.polio plus.org.mk

**„ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА” - ДЕМИСТИФИКАЦИЈА НА ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП ВО ОБЛАСТА НА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА**

**Издавач**

Полио Плус – движење против хендикеп

**За издавачот**

Звонко Шаврески

**Превод, лектура**

ОЗ Дизајн

**Печати**

Хонор печат

**Графичка техничка обработка**

Огњен Фидаоски

**Тираж** 1000 копии

Година 2018

CIP – Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN 978-608-4608-27-1

© Полио Плус – движење против хендикеп





# СОДРЖИНА

Вовед и Методологија ........................................ 6

**ГЛАВА I**

ПРАВОТО НА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ СОГЛАСНО КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ........................ 14

1. Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН ........................ 15

2. Разбирање на правото на работа на лицата со попреченост согласно Конвенцијата за правата на лицата со попреченост ........................ 17

**ГЛАВА II**

НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО ........................................ 28

1.Законот за спречување и заштита од дискриминација ........................ 30

2.Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020 ......... 35

3.Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 ........................................ 36

**ГЛАВА III**

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО ПРАВОТО НА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ........................................ 38

1. Наоди од спроведеното истражување за демистификација на прашањето на попрченоста во областа на еднаквоста и недискриминацијата........................................ 39

Заклучоци и препораки ........................................ 78

Библиографија ........................................ 85

# ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА



## ВОВЕД

Полио плус – движење против хендикеп, во рамките на проектот „Маргина Обскура – прашањето на хендикеп во пристапувањето кон ЕУ“, финансиран од Европската Унија во периодот од март-ноември 2018 година, ја изработи Анализата со наслов „Изгубената агенда“ -Демистификција на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недикриминација, (понатаму во текстот: Анализата).

Анализата има за цел да даде расветлување на прашањето на попреченоста во праксата, односно да ја отслика моменталната состојба во поглед на остварувањето на правата на децата и лицата со попреченост во областа на еднаквоста и недискриминацијата. Дополнителен нагласок се става и на подигнувањето на јавната свест, знаењето за Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (понатаму во текстот: Конвенцијата или МКПЛП), како и за мерките кои државата ги превзема кон оваа група на граѓани.

Предизвик за изработка на Анализата беше аналитичкото разгледување на едно место на концептот на еднаквост и недискриминација и состојбите на терен, посебно со знаењето на лицата со попреченост на своите права општо, како и на спецификите кои ги уредува членот 5 од Конвенцијата, како од материјален, така и од технички карактер. За надминување на овој недостаток се спроведе и истражување на оваа тема помеѓу целната група, чии наоди се посебно изложени во Анализата. Имено, примерокот опфати 1000 лица, од кои 500 лица со попреченост и 500 родители на деца со попреченост, при тоа запазувајќи во самиот примерок да има претставници/чки од сите форми и видови на попреченост. Анализата го појаснува значењето, опсегот, како и отворените прашања и дискусиите за толкувањето на правото на еднаквост и принципот на недискриминација од Конвенцијата и националното законодавство, ги

# ВОВЕД

презентира видувањата на Комитетот за правата на лицата со попреченост при Организацијата на обединетите нации за толкувањето на овој член сам и во однос со останатитете членови од Конвенцијата и ги презентира видувањата на лицата со попреченост и родителите на деца со попреченост, а со цел изведување на заклучоци и препораки за унапредување на состојбите.

Анализата се состои од четири поглавја:

**Глава I** - дава преглед на правото на еднаквост и принципот на недискриминација на лицата со попреченост согласно Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации, притоа објаснувајќи ја содржината и толкувањето на ова право од страна на Комитетот за правата на лицата со попреченост.

**Глава II** - дава преглед на правото на еднаквост и принципот на недискриминација на лицата со попреченост согласно националното законодавство, посебно Законот за спречување и заштита од дискриминација, но и националните политики за еднаквост како и за остварување на правата на лицата со попреченост.

**Глава III** - ја анализира состојбата на национално ниво за колку лицата со попреченост ги знаат своите права, посебно правото на еднаквост и принципот на недискриминација, преку изложување на наодите од спроведеното истражување.

**Глава IV** - ги сумира сите заклучоци од претходните три глави и дава препораки за унапредување на состојбата во национален контекст.

Оправданоста за изработката на Анализата е потребата од анализа на едно место колку лицата со попреченост ги знаат своите права, посебно правто на еднаквост и принципот на недискриминација, и како истите ги разбираат, во духот на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост или на друг начин. Оваа Анализа треба да служи како помагало за разбирање на овој феномен и нема за цел да даде негова сеопфатна теоретска разработка, туку да укаже на постојната состојба.



**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

# ВОВЕД

Анализата е замислена како алатка во рацете на чинителите релевантни во оваа област, а со цел да се дадат препораки во насока на усогласување и унапредување на законската рамка во согласност со Конвенцијата. Дополнително, наодите од анализата може да послужат во иднина за спроведување на програми за јакнење на капацитетите на лицата со попреченост, родителите на децата со попреченост и нивните претставнички организации за конкретни права кои произлегуваат од Конвенцијата, посебно правто на еднаквост и принципот на недискриминација.

Анализата е изработена користејќи се со комбинирана методологија која се состои од преглед на литературата и документи, анализа на практиката по апликациите на Комитетот за правата на лицата со попреченост, анализа на одговорите на прашалниците добиени од лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост, и анализа на ставовите од фокус групите со лицата со попреченост, родителите на деца со попреченост и релевантните институции. Спроведувањето го надгледуваше организацијата Полио плус – движење против хендикеп.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Анализата „Демистификција на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недикриминација“, се изработува во рамки на проектот „Маргина Обскура – прашањето на хендикеп во пристапувањето кон ЕУ“, финансиран од Европската Унија, кој го спроведе Полио плус – движење против хендикеп.

Анализата ќе биде изработена од национален експерт чии задачи се следните:

- Да развие нацрт на текстот во кој ќе се анализира колку лицата со попреченост ги знаат своите права, посебно правото на еднаквост и принципот на недискриминација, согласно Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и националното законодавство и да ги интерпретира истите во светло на обвските на државата за спроведувањето на Конвенцијата во националниот контекст;
- Изработка на текстот се води од стандардите поставени во членот 5 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации (2006) и Законот за спречување и заштита од дискриминација (2010).

Овој текст има за цел да даде приказ на методологијата за прибирање и обработка на потребните податоци за изработка на Анализата и за пристапот кон изработката на текстот на истата, како и на ограничувањата на применетата методологија. Методологијата се состои од следниве делови: генерални забелешки, форма на истражувањето, методи на собирање на податоци, методи на обработка на податоци и забелешки за изработката на текстот на Анализата.

## 1. Генерални забелешки за методолошкиот пристап за собирање и обработка на потребните податоци и за изработка на текстот на Анализата

Целта на анализата е да даде расветлување на прашањето на попреченоста во праксата, односно да ја отслика моменталната состојба во поглед на остварувањето на правата на децата и лицата со попреченост во областа на еднаквоста и недискриминацијата. Со тоа, одреден е и главниот тематски фокус на Анализата. Но, со цел подобро разбирање на предметот на Анализата, покрај текстот на Конвенцијата и Законот за спречување и заштита од дискриминација,

Анализата ја зема предвид и праксата на Комитетот за правата на лицата со попреченост и националните политики. Дополнително, Анализата ќе ја истражи и состојбата во пракса, односно ќе ја отслика моменталната состојба со познавањето на своето право на еднаквост и недискриминација од страна на самите лица со попреченост и родителите на децата со попреченост на национално ниво, со цел да се дадат препораки за унапредување во иднина.

Изработката на текстот на Анализата е лимитирана во однос на должината поради неговата намена – да служи како алатка во рацете на чинителите релевантни во оваа област а со цел да се дадат препораки  во насока на усогласување и унапредување на законската рамка во согласност со Конвенцијата и да служи како водич за градење на капацитетите на лицата со попреченост, родителите на деца со попреченост и нивните претставнички организации.

Исто така, треба да се дефинираат и концепциските ограничувања како при собирањето и обработката на потребните податоци, така и при изработката на текстот. Овие ограничувања потекнуваат од немањето на доволно национална практика, која е сериозна закана во изведувањето на заклучоците за општиот тренд.

## 2. Форма на истражувањето

Целта на Анализата е да помогне во мапирањето на моменталната практики на национално ниво притоа утврдувајќи ги факторите кои влијаат врз постоечката состојба. Поради тоа, формата на истражувањето кое ќе биде спроведено со цел да се соберат и анализираат потребните податоци за изготвување на текстот е емпириското истражување. Емпириското истражување има за цел да тестира хипотеза.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Во овој случај, хипотезите се: недоволната информираност на лицата со попреченост за своите права, посебно правото на еднаквост и принципот на недискриминација; немањето на доволен број на мерки за спроведување на членот 5 од Конвенцијата од страна на државата; и слабо развиеност на организации на лица со попреченост кои можат да ги застапуваат своите членови и активно да учествуваат во донесувањето на политики кои нив ги засегаат на национално ниво. Целта на Анализата е, преку детален приказ на овој феномен во пракса, да се даде придонес кон разбирањето на правото и праксата создадена при неговата примена, но и да се дадат препораки за негово унапредување.

### 3) Методи на собирање на податоци

Собирањето на податоци ќе биде извршено преку комбиниран метод на собирање на постоечка литература и податоци, како и теренско истражување. Постоечката литература и податоци кои ќе бидат земени предвид може да се структурираат во следните категории: меѓународни стандарди, правни документи, практика на Комитетот за правата на лицата со попреченост, национално законодавство и политики, досегашни ресурси (истражувања, анализи, водичи) изработени на иста или слична проблематика, и академска литература (домашни и странски академски трудови).

Критериумите за избор на литература нема да бидат строго дефинирани, но фокусот ќе биде на литература која има значење во Европскиот регионален контекст.

Теренското истражување ќе се состои од два дела. Едниот дел е собирање на податоци преку дистрибуција на прашалник до лицата со попреченост и родителите на деца со попреченост, којшто прашалник ќе има за цел да се добијат квантитативни и квалитативни податоци. Прашалникот опфаќа структурирани и отворени прашања. За целите на Анализата ќе се креира целен примерок составен од 1000 лица со попреченост и родители на деца со попреченост. Врз основа на добиените повратни одговори, ќе се добијат податоци за реалниот примерок врз основа на кој ќе се обработат податоците.





МЕТОДОЛОГИЈА

Во вториот дел ќе се врши спроведување на фокус групи со помош на водич спроведување на фокус групи, со избрани испитаници од лицата со попреченост, родителите на деца со попреченост, нивните пртстavнички организации и релевантни институции.

### 4) Методи на обработка на податоците

И податоците собрани од постоечката литература и оние собрани преку теренското истражување ќе бидат обработени преку квалитативна анализа на содржина. Овој пристап овозможува флексибилна и не многу детално одредена основна тема, која може да биде описно обработена, при што се овозможува зачувување на контекстот, но и на значењето на текстот гледано од перспектива на авторката, со што се овозможува детална анализа и изведување на заклучоци.

### 5) Забелешка за изработката на текстот на Анализата

Анализата е замислена како алатка во рацете на сите чинители, посебно институциите но и на организациите на лица со попреченост за унапредување на практиката. Поради полесно користење на истата при изработката ќе се цели кон ограничување на должината на текстот на 50 страни.

Намената на Анализата ќе биде, исто така, решавачки фактор за изборот на информациите и деталите во кои истите ќе бидат прикажани. Таа ќе биде решавачка и за применетиот стил на пишување.

# ГЛАВА I

## ПРАВОТО НА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ СОГЛАСНО КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИ



# ГЛАВА I

Меѓународната Конвенција за правата на лицата со попреченост и Факултативниот протокол кон неа, беа усвоени со консензус од Генералното собрание на Организацијата на обединетите нации (понатаму во текстот: ООН) на нејзината 61-ва седница оддржана на 13 декември 2006 година, со Резолуцијата A/RES/61/106. Истите согласно Резолуцијата беа отворени за потпис на 30 март 2007 година во седиштето на ООН, а стапија на сила на 3 мај 2008 година.

Моментално, 162 земји ја имаат потпишано Конвенцијата а 177 се нејзини договорни страни, додека, пак, 93 земји го имаат потпишано Факултативниот протокол и 94 го имаат ратификувано истиот[1]. Република Македонија ја потпиша МКПЛП на 30 март 2007 година, а истата ја ратификува на 5 декември 2011 година. Дополнително, земјата го потпиша Факултативниот протокол кон Конвенцијата на 29 јули 2009 година, а го ратификува на 5 декември 2011 година. Инструментите за ратификација се депонирани во Организацијата на обединетите нации на 29 декември 2011 година.

Согласно членот 118 од Уставот на Република Македонија, ратфикуваните меѓународни конвенции се дел од националното законодавство и не можат да бидат изменети со закон. Со други зборови, одредбите од Конвенцијата директно се применливи, вклучително и од страна на националните судови кои со текот на времето ќе овозможат создавање на конзистентна судска практика како и развој на правните институти кои ја регулираат проблематиката на заштитата на правата на лицата со попреченост на еднаква основа со другите (Попоска, 2018, стр.8).

## 1.Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН

Меѓународната Конвенција за правата на лицата со попреченост не само што е првиот обврзувачки правен акт во доменот на меѓународното право за правата на човекот во XXI век, една од деветте конвенции за

[1][Оваа ситуација е од 5 декември 2018 година. За повеќе информации за статусот на потпишување и ратификација на МКПЛП види на: <http://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY &mtdsg_no=IV-15&chapter=4&lang=en> [Пристапено на: 5 декември 2018]

# ГЛАВА I

**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА I

човековите права кои ја претставуваат срцта на меѓународното право за правата на човекот, туку претставува и официјално признавање на попреченоста како прашање на човековите права во меѓународната сфера, односно е првиот инструмент за правата на човекот кој го отелотворува социјалниот модел на гледање на попреченоста.

Имено, социјалниот модел гледа на лицата со попреченост како на субјекти со свои права, не како на објекти, и затоа става нагласок на почитувањето на нивните права на еднаква основа со другите лица во општеството.

Истиот се фокусира на бариерите во општеството и средината, кои можат да оневозможат целосно и делотворно учество на лицата со попреченост во општеството на еднаква основа со другите, а не на индивидуалната оневозможеност, односно попреченост per se (Попоска, 2018, стр. 20-21).

МКПЛП има хибридна природа, односно опфаќа широк спектар на права, како граѓански и политички така и економско, социјални и културни и претставува највисок стандард за заштита на првата на лицата со попреченост. Дополнително, Конвенцијата по својата природа е програмска, исцртувајќи ги политиките во општи рамки и притоа детално недефинирајќи ги активностите кои можат да се превземат за отелотворување на тие политики во пракса. Тоа е оставено на секоја од договорните страни да го регулира согласно со нивниот правен, политички и административен систем.

Текстот на МКПЛП се состои од преамбула и основен текст кој има 50 члена, поделени во пет групи и тоа: воведни (член 1-2), членови со општа примена (член 3-9), субстантивни одредби (член 10-30), одредби кои го регулираат спроведувањето и мониторингот (член 31-40) и членови од технички карактер со кој се регулираат прашањата на потпишување, пристапување, ратификување и влегувањето во сила (член 41-50). Иновативно во МКПЛП се одредбите со кои се бара консултација и активна вклученост на лицата со попреченост и нивните претставнички организации во изработката и остварувањето на законодавството и политиките преку кои се спроведува МКПЛП (член 4 став 3); одредбите со кои се признава важноста на меѓународната соработка и развојните програми за целосно остварување на правата на лицата со попреченост (член 32); одредбите за воспоставување на национален мониторинг механизам, комплементарен на меѓународниот мониторинг механизам (член 33); и процедурата за подобро менаџирање на крајните рокови за известување (член 35-37).

Со МКПЛП се формира Комитетот за правата на лицата со попреченост со цел да врши надзор над спроведувањето на Конвенцијата. Комитетот се состои од 18 члена кои се експерти, со мандат од 4 години со право на еден повторен избор, експерти од кои неколку треба да бидат лица со попреченост.

## 2. Разбирање на правото на работа на лицата со попреченост согласно Конвенцијата за правата на лицата со попреченост

Еден голем дел од Конвенцијата се однесува на прашањето на еднаквоста и заштитата од дискриминацијата врз основа на попреченост, посебно формулиран во **членот 5** -Рамноправност и недискриминација.

Кога зборуваме за еднаквост треба да се прави разлика помеѓу формалната и материјалната еднаквост. Иако формалната еднаквост може да помогне многу во борбата против негативните стереотипи и предрасуди, сепак не може да понуди решение за ‘дилемата на различности’, затоа што не ги разгледува ниту ги прифаќа разликите меѓу човечките суштества, согласно параграф 10 од Општ коментар број 6 на Комитетот за правата на лицата со попреченост. Од друга страна, материјалната еднаквост која претпоставува пошироко толкување на поимот на еднаквост, подразбира спроведување на правната еднаквост во секојдневниот живот, при што резултатите и ефектите што произлегуваат од примената на законите, политиките и практиката не треба да бидат дискриминаторни. Општиот коментар број 3 на Комитетот за правата на лицата со попреченост, зборува и за инклузивна еднаквост како нов модел на еднаквост (параграф 11).

# ГЛАВА I

Ставот 1 им налага обврска на државите-договорни страни да признаат дека сите лица се еднакви пред и според/под законот и имаат право, без дискриминација, на еднаква заштита и еднаква корист од законот. Додека ‘еднаквоста пред законот’ како поим се однесува на правото да се биде заштитен со законот, ‘еднаквоста според законот’, која е уникатен поим само за оваа Конвенција, се однесува на правото на користење со законот за лична корист. Од таа страна, лицата со попреченост имаат право да бидат ефикасно заштитени и позитивно вклучени. Според, Општиот коментар број 3 на Комитетот, признавањето дека сите лица со попреченост се еднакви според законот значи дека не треба да постојат закони кои овозможуваат конкретно негирање или ограничување на правата на лицата со попреченост и дека попреченоста треба да се вклучи во сите закони и политики (параграф 14). Дополнително, поимите ‘еднаква заштита’ и ‘еднаква корист од законот’, иако блиски се сепак различни поими.

Имено, првиот означува дека кога државата-договорна страна усвојува закони и политики не треба да ги дискриминира лицата со попреченост, но вториот поим - ‘еднаква корист од законот’, означува дека државите-договорни страни треба да ги отстранат бариерите за стекнување на пристап до сите заштитни законски мерки и придобивките од еднаквиот пристап до законот и правдата за да се остварат правата на лицата со попреченост. Самата користена реторика на членот 5 покажува дека е забранета дискриминацијата врз основа на попреченост а не само заштитата на лицата со попреченост, што го отвора просторот за заштита на лицата кои во минатото имале попреченост, кои имаат попреченост или кои во иднина би се здобиле со попреченост, лицата за кои се претпоставува дека имаат некоја попреченост, како и за лицата кои се во тесна врска со лице со попреченост а можат да бидат дискриминирани поради тоа (дискриминација по асоцијација).

Согласно став2, државите-договорни страни се обврзуваат да забранат каква било дискриминација врз основ на попреченост, која пак согласно дефиницијата содржана во членот 2 подразбира „какво било разликување, исклучување или ограничување врз основ на попреченост, кое има за цел или последица оневозможување или попречување на признавањето, уживањето или користењето, на рамноправна основа со другите, на сите човекови права и основни слободи на политичко, економско, општествено, културно, граѓанско или било кое друго поле. Ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможувањето на соодветно приспособување.“

Како што истакнува Комитетот во својата јуриспруденција, на пример во случајот С. К против Бразил (анг. S.C v. Brazil, Communication No. 10/2013, CRPD/C/12/D/10/2013), како и во случајот Марлон Џејмс Нобл против Австралија (анг. Marlon James Noble v. Australia, Communication No. 2/2012, CRPD/C/16/D/7/2012) и случајот Г-дин Х против Обединета Република Танзанија (анг. Mr. X v. United Republic of Tanzania, Communication No. 22/2014, CRPD/C/18/D/22/2014), дискриминацијата може да произлезе од дискриминаторскиот ефект на нормата или мерката која немала намера да дискриминација, но сепак таа непропорционално ги засега лицата со попреченост (параграф 6.4 и параграф 8.3, соодветно). Во случајот Х.М против Шведска (анг. H.M v. Sweden, Communication No. 3/2011, CRPD/C/7/D/3/2011), Комитетот забележал дека законот што се применува на неутрален начин може да има дискриминаторски ефект кога конкретните околности на лицата на кои се применува одредбата не се земаат предвид (параграф 8.3). Токму во овој случај, Комитетот сметал дека државата-договорна страна при одбивањето на барањето на апликантката за градежна дозвола не ги земал предвид конкретните околности на нејзиниот случај и нејзините потреби поврзани со попреченоста. Па затоа оваа одлука на домашните власти, да го одбијат отстапувањето од градежно-урбанистичкиот план со цел да се дозволи изградбата на базен за хидротерапија на имотот на апликантката во нејзина сопственост, е непропорционална и предизвикала дискриминаторски ефект што негативно влијаел на пристапот на апликантката, како лице



**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА I

**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА I

со попреченост, до здравствената заштита и рехабилитацијата потребна за нејзината специфична здравствена состојба (параграф 8.8).

Во членот 2 се дефинира соодветното приспособување како „неопходно и соодветно изменување или прилагодување потребно во одреден случај кое не преставува несразмерен товар, а со цел обезбедување на уживањето или користењето на сите човекови права и основни слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите“. Ова претставува ex nunc обврска, која е индивидуализирана, реактивна обврска за секое лице со попреченост засебно и се иницира на барање на лицето.

МКПЛП прави еден важен исчекор не само со тоа што одредува дека неоправданото неизвршување на соодветно приспособување претставува дискриминација, туку и ги задолжува државите-договорни страни да ги преземат сите соодветни чекори за осигурување на обезбедување на соодветното прилагодување (став 3).

Ваквото гледање го поставува овој член со хоризонтална применливост. Следствено, Комитетот во својата јуриспруденција, во случајот Gemma Beasley против Австралија (анг. Gemma Beasley v. Australia, Communication No. 11/2013, CRPD/C/15/D/11/2013), како и во случајот Мајкл Локи против Австралија (анг. Michael Lockrey v. Australia, Communication No. 13/2013, CRPD/C/15/D/13/2013), наведува дека државата-договорна страна не ги презела неопходните чекори за да обезбеди соодветно приспособување и заклучува дека одбивањето да се обезбеди толкување на знаковниот јазик „Ауслан“ или стенографски белешки, без темелно оценување дали тоа би претставувало непропорционално или непотребно оптоварување, претставува дискриминација врз основ на попреченост и повреда на членот 5 од Конвенцијата (параграф 8.4 и параграф 8.5, соодветно). Дополнително, во случајот Ф против Австрија (анг. F v. Austria, Communication No. 21/2014, CRPD/C/14/D/21/2014), Комитетот сметал дека неинсталирањето на аудио систем од страна на државата при продолжувањето на трамвајската мрежа резултирало со оневозможување на лицата со сензорна попреченост (слепи лица) на пристап до информации и комуникациски технологии и до услуги отворени за јавноста на еднаква основа со другите, а со тоа и до повреда на членот 5 и 9 на Конвенцијата (параграф 8.7).

И за крај, ставот 4 предвидува дека превземањето на специјални/посебни мерки, неопходни за забрзување или постигнување на de facto еднаквост на лицата со попреченост нема да се сметаат за дискриминација. Односно, одредбата предвидува дека афирмативните мерки превземени со цел намалување на процепот меѓу нормативното и стварното кои всушност самите по себе претставуваат различно постапување кое е преференцијално спрема лицата со попреченост, ќе се третираат како специфичен исклучок од дискриминацијата. Според Општиот коментар број 3 на Комитетот, овие мерки мора да бидат во согласност со сите принципи и одредби на Конвенцијата, особено, тие не смеат да резултираат со овековечување на изолација, сегрегација, стереотипизација, стигматизација или на друг начин дискриминација на лицата со попреченост (параграф 29) (Попоска, 2018, стр.30-36).

Поради постоењето на повеќекратната дискриминација, подолу ќе се објасни и опфатот на членот 6 кој се однесува на жените со попреченост и членот 7 кој се однесува на децата со попреченост, кои тесно се анализираат со ченот 5, објаснет погоре.

Во основата на **членот 6** лежи специфично ранливата положба на девојките и жените со попреченост, како и фактот што токму оваа група се соочува со повеќекратна и интерсекциска дискриминација, посебно во делот на: еднаков пристап до образование, економски можности, социјална интеракција и правда; еднакво признавање пред законот; и способноста да учествуваат во политиката и да го контролираат сопствениот живот во низа контексти, на пример во однос на здравствената заштита, вклучувајќи ги услугите за сексуално и репродуктивно здравје и каде и со кого сакаат да живеат

(Општ коментар број 3 на Комитетот за правата на лицата со попреченост, наведен погоре, параграф 2). Повеќекратната дискриминација е всушност дискриминација врз повеќе основи и постојат два посебни вида од овој тип на дискриминација. Првиот вид се нарекува кумулативна или дополнителна дискриминација и се појавува кога постои поклопување на дискриминациските основи. Вториот вид се нарекува интерсекциска дискриминација и се појавува кога има уникатна комбинација на дискриминациски основи, а истата се наоѓа на раскрсницата помеѓу поединечните основи заштитени со антидискриминациското законодавство (Fredman, 2005, стр.13-19; Попоска и Јовевски, 2017, стр.40-41; Committee on the Elimination of Discrimination against Women, General Recommendation No. 25, 2004, параграф 12; Committee on the Elimination of Discrimination against Women, General Recommendation No. 28, 2010, параграф 18).

На пример, жени со ментална попреченост кои може нема да се дискриминирани затоа што се жени или затоа што имаат ментална попреченост туку затоа што се жени со ваков вид на попреченост, поради предрасудите кои токму нив ги погодуваат. Иако случаите на повеќекратна дискриминација се познати, сепак постоечкото анти-дискриминационо законодавство не е во состојба да го реши овој проблем, затоа што токму тоа законодавство е дизајнирано на начин да гледа на дискриминацијата како на единечен проблем. И токму тука лежи парадоксот, колку повеќе лицето се разликува од ‘нормалната слика’, поверојатно е да биде жртва на повеќекратна дискриминација, и истовремено, помалку веројатно е да добие соодветна заштита од ваквиот вид на дискриминација. Токму тука лежи и корисноста од овој член од Конвенцијата со изразена анти-дискриминациска содржина кој има хоризонтална примена, со цел надминување на оваа состојба.

Имено, жените и девојките со попреченост страдаат од дискриминација и врз попреченост и врз пол, притоа ускратувајќи им бројни права. Комбинацијата на доминацијата на мажите во многу култури од една страна, и општо прифатениот



**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА I

негативен став кон попреченоста од друга страна, се одразува негативно на жените и девојките со попреченост (Стојкова, 2004, стр.213-220). Како што се наведува и во Општиот коментар број 3 на Комитетот за правата на лицата со попреченост, наведен погоре, „национални закони и политики за попреченост историски ги занемаруваа аспектите поврзани со жените и девојките со попреченост. За возврат, законите и политиките кои се однесуваат на жените традиционално ја игнорираа попреченоста. Оваа невидливост ја засили состојбата на повеќекратната и интерсекциската форма на дискриминација на жените и девојките со попреченост“ (параграф 3). Затоа ставот 1 е доста важен затоа што јасно и недвосмислено признава дека жените и девојките со попреченост се предмет на повеќекратна дискриминација, и во оваа насока ги обврзува државите-договорни страни да превземат мерки да го обезбедат целосното и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на жените и девојките со попреченост. Ова го вклучува и правото на еднаквост, вклучително и обезбедување на соодветно приспособување за жените и девојките со попреченост. Во својата неодамнешна јуриспруденција, Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените упати на соодветното приспособување во врска со пристапот на жените со попреченост до вработувањето (CEDAW/C/HUN/CO/7-8 and Corr.1, параграф 45). Еден од основните начини за ова е борбата против негативните родови стереотипи кои потребно е да се препознаат и да се предизвикуваат со цел промоција на родовата еднаквост. Конвенцијата содржи обврска за борбата против стереотипите, предрасудите и штетните практики кои се однесуваат на лицата со попреченост, вклучувајќи ги и оние врз основа на пол и возраст во сите области од општествениот живот.

Општиот коментар број 3 на Комитетот за правата на лицата со попреченост истакнува дека „[д]искриминацијата врз жените и девојките со попреченост може да има повеќе форми, и тоа: (а) директна дискриминација; (б) индиректна дискриминација; (в) дискриминација по асоцијација; (г) необезбедување на соодветно приспособување;

# ГЛАВА I

и (д) структурна, или системска, дискриминација. Без оглед на формата во која се појавува, влијанието на дискриминацијата ги повредува правата на жените со попреченост" (параграф 17).

Поради ова во ставот 2 им се налага обврска на државите „да ги превземат сите соодветни мерки за обезбедување на целосен развој, напредок и зајакнување на жените со цел гарантирање на користењето и уживањето на нивните човекови права и фундаментални слободи предвидени со Конвенцијата". Терминот 'сите соодветни мерки' ги подразбира мерките кои имаат законодавна, образовна, административна, културна, политичка, јазична или друга природа, а истите се соодветни ако ги почитуваат принципите на Конвенцијата. Мерките може да бидат привремени или долготрајни и треба да помогнат во надминување de jure и de facto нееднаквоста.

Додека, привремените специјални мерки можат да бидат неопходни како што се квоти за надминување на структурната, или системската повеќекратна дискриминација, долготрајните мерки, како што се реформа на законодавството и политиките за обезбедување на еднакво учество на жените со попреченост во сите области на животот, се суштински предуслови за постигнување на материјалната еднаквост за жените со попреченост (Општ коментар број 3 на Комитетот за правата на лицата со попреченост, наведен погоре, параграф 20).

Сите погоре неведени мерки мора да обезбедат целосен развој, напредок и зајакнување на жените со попреченост. Иако, развојот се однесува на економскиот раст и искоренувањето на сиромаштијата, тој не е ограничен само на тие области.

Дополнително, со цел да ги унапредат и зајакнат жените со попреченост, мерките мора да ја надминат целта на развојот и да се стремат кон подобрување на состојбата на жените со попреченост во текот на нивниот животен век. И за крај, во согласност со пристапот заснован на човековите права, обезбедувањето на зајакнувањето на жените со попреченост значи промовирање на нивното учество во јавното одлучување. Затоа, државите-договорни страни треба да допрат до



ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА I

жените и девојките со попреченост директно и да воспоставaт соодветни мерки со цел гарантирање дека нивните перспективи се целосно земени предвид (Општ коментар број 3 на Комитетот за правата на лицата со попреченост, наведен погоре, параграфи 21-23).

Дополнително, јасно се истакнува дека жените со попреченост не се хомогена група, туку ги вклучуваат во себе и домородните жени, жените бегалци, мигрантките, барателките на азил и внатрешно раселените жени, жените во притвор, жените кои живеат во сиромаштија, жените од различно етничко, религиозно и расно потекло, жените со повеќекратна попреченост и со потреба за високо ниво на поддршка, жените со албинизам, и лезбејките, бисексуалките и трансродните жени, како и интерсекс лицата. Разновидноста на жените со попреченост исто така ги вклучува и сите видови на попреченост, односно физичка, психосоцијална, интелектуална или сензорна (Општ коментар број 3 на Комитетот за правата на лицата со попреченост, наведен погоре, параграф 5). Сите овие групи на жени и девојки со попреченост подпаѓаат под персоналниот опфат на заштита од страна на државите-договорни страни, согласно членот 6 на МКПЛП.

За крај, треба да се напомене дека обврските на државите во спроведувањето на членот 6 го опфаќаат трослојниот пристап: на почитување, заштита и остварување на ова право. Во таа насока, државите-договорни страни мора да ги ревидираат законите, прописите, обичаите и практиките кои се дискриминаторски спрема жените и девојките со попреченост и да преземат акција за системско вклучување во главните текови на општеството на интересите и правата на жените и девојките со попреченост во сите национални политики и стратегии како и превземање на насочени активности само за жените со попреченост (Попоска, 2018, стр.36-39).

Во основата на **членот 7**, слично како и кај членот 6, лежи специфично ранливата положба на децата со попреченост како и фактот што токму оваа група се соочува со двојна ранливост, врз основ на својата

# ГЛАВА I

возраст и својата попреченост. Затоа е од исклучителна важност неговата анализа да се врши во согласност со членот 5, наведен погоре. Токму децата со попреченост посебно зависат од поддршката на возрасните во спроведувањето на механизмите за заштита на своите права. Ставот 1 на овој член ги обврзува државите-договорни страни да ги превземат сите потребни мерки за да го обезбедат целосното ужување на сите човекови права и основни слободи на децата со попреченост, на еднаква основа со другите, што јасно го истакнува принципот на еднаквост и недискриминација. Општиот коментар број 6 на Комитетот за правата на лицата со попреченост, наведен погоре, истакнува дека „физичкото казнување честопати непропорционално ги погодува децата со попреченост ... државите-договорни страни мора да ги забранат сите форми на телесно казнување и сурово, нечовечно или понижувачко постапување со децата во сите околности и да обезбедат соодветни мерки за спроведување на оваа забрана“ (параграф 37).

Дополнително, ставот 2 го преточува принципот на ‘најдобриот интерес на детето’, кој е основа на Конвенцијата за правата на детето (изрично предвиден во членот 3 став 1). Имено, широката природа на овој став има за цел да ги опфати сите аспекти на грижата и заштитата на децата во сите околности. Согласно Општиот коментар број 9 на Комитетот за правата на детето (анг. General Comment No. 9: The rights of children with disabilities, CRC/C/GC/9) каде е наведена истата формулација, овој став се одесува на законодавците на кои им е доверено поставувањето на правната рамка за заштита на правата на децата со попреченост, како и процесите на донесување одлуки кои се однесуваат на децата со попреченост. Дополително „член 3 треба да биде основа на која се поставени програмите и политиките и треба соодветно да се земат предвид во секоја услуга што се обезбедува за децата со попреченост и сите други дејства што ги засегаат“ (параграф 29). Најдобриот интерес на детето е од особена важност во институциите и другите установи кои обезбедуваат услуги за децата со попреченост, од кои се очекува да се усогласат со стандардите и прописите и обезедувањето на сигурност, заштита и грижа за децата да го имаат како нивно примарно внимание, и ова разгледување треба да ги надмине сите други и под сите околности, на пример, при распределба на буџетите (параграф 29). Сепак, според Општиот коментар број 6 на Комитетот за правата на лицата со попреченост, наведен погоре, „принципот за најдобар интерес на детето треба да се примени на децата со попреченост со внимателно разгледување на нивните околности ... сепак, овој концепт не треба да се користи за да се спречат децата, особено девојчињата со попреченост, да го остварат своето право на телесен интегритет. Дополнително, државите-договорни страни треба да обратат внимание на насилството и институционализација на децата со попреченост, на кои им се негира правото да растат во нивните семејства, како прашање на дискриминација“ (параграф 38).

Ставот 3 на овој член се однесува на обврската на државите-договорни страни да обезбедат децата со попреченост слободно да го искажат своето видување за сите работи а посебно оние кои се однесуваат на нив самите, а овие видувања да бидат земени предвид во согласност со нивната возраст и зрелост, на иста основа со другите деца. Во остварувањето на ова право, децата со попреченост треба да добијат помош соодветна на нивната возраст и попреченост.

И покрај тоа што овој член црпи инспирација од Конвенцијата за правата на детето (член 23) и Општиот коментар број 9 на Комитетот за правата на детето, сепак содржински е доста различен. Всушност, овој член е анти-дискриминациска одредба која има хоризонтална примена и стандардот поставен со неа треба да се има предвид при читањето на секој останат член на Конвенцијата

# ГЛАВА II

## НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО



# ГЛАВА II

Што се однесува до законодавството, Република Македонија во последниве години создаде законска рамка за вработување на лицата со попреченост[2] како и за заштита од дискриминација на лицата со попреченост во областа на работните односи, која може да се земе како основа врз која може во иднина да се создава судска пракса и да се унапредува преку измени и дополнувања на постојните законски решенија.

Уставот на Република Македонија, во својот член 32 го предвидува правото на работа и неговите сродни права. Ова право е со општа намена и предвидува дека секој [вклучително и лицата со попреченост] има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност (став 1). Дополнително, се неведува дека секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место (став 2), и притоа секој вработен има право на соодветна заработувачка (став 3) како и право на платен дневен, неделен и годишен одмор и од сите овие права вработените не можат да се откажат (став 4). Истите понатаму се доуредуваат со закон и колективни договори (став 5). Членот 35 став 3 предвидува дека на инвалидните лица државата им обезбедува посебна заштита како и услови за нивно вклучување во општествениот живот (Устав, 1991, член 32 и 35).

Членот 32 став 2, односно анти-дискриминационата клаузула, треба да се чита во согласност со членот 9 од Уставот која во себе содржи општа клаузула за еднаквост. Имено, Уставот во членот 9 предвидува дека „граѓаните ... се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“ (Устав, 1991, член 9). Меѓутоа, оваа одредба е доста критикувана поради

# ГЛАВА II

тоа што го користи зборот граѓани со што остава впечаток дека странците (лицата без државјанство и лицата со странско државјанство) не се заштитени од дискриминацијата во согласност со оваа одредба. Исто така, во членот 9 не се содржани некои дискриминациски основи кои се актуелни во денешно време, како што попреченоста и возраста, а покрај тоа содржи и затворена листа на дискриминациски основи. За крај, членот 9 со оглед на тоа што се однесува на правата и слободите на човекот и граѓанинот, односно физичките лица, не ја предвидува заштитата од дискриминација на правните лица (Попоска и Јовевски, 2017, стр. 67).

## 1. Законот за спречување и заштита од дискриминација

Законот за спречување и заштита од дискриминација ги надополни правните празнини кои постоеја во нашиот правен систем во областа на недискриминацијата и овозможи полесна правна заштита на сите лица кои би се јавиле како наводни жртви на дискриминација, вклучително и лицата со попреченост како и родителите на децата сопопреченост преку правниот институт дискриминација по асоцијација. Имено, Законот во својот член 3 покрај наведените дискриминациски основи како што се: пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, друго уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус и здравствена состојба, предвидува и отворена листа на основи наведувајќи ја фразата или која била друга основа.

Законот ги забранува сите форми на дискриминација, вклучително директната и индиректната дискриминација (член 6), вознемирувањето (член 7), инструкцијата за дискриминација (член 9) и виктимизацијата (член 10), извршени од страна на физички и правни лица како во јавниот така и во приватниот сектор, во областа на вработувањето и работните односи,





ГЛАВА II

образованието, пристапот до добра и услуги, домувањето, здравството, социјалната заштита, управата, правосудството, науката, спортот, членувањето и дејствувањето во синдикални организации, политички партииИграѓанскиорганизацииидруга област, соодветно (член 4). Меѓутоа, Законот за спречување и заштита од дискриминација не ги забранува изречно дискриминациските огласи или изјави. Дополнително, во членот 12 Законот ја предвидува како потежок облик на дискриминација и повеќекратната дискриминација, односно дискриминацијата направена врз определено лице истовремено по повеќе дискриминациски основи. Ова е исклучително важно затоа што во сите луѓе се вткаени различни лични карактеристики кои во многу случаи можат да доведат до кумулативна или интерсекциска дискриминација.

Директната дискриминација врз дискриминациска основа е забранета во согласност со членот 6 став 1 од Законот, и се појавува кога со едно лице е постапувано понеповолно во форма на разликување, исклучување или ограничување кое како последица има или би можело да има одземање, нарушување или ограничување на правата на лицето за разлика од друго лице,воспоредливаситуација,самоврз основа на заштитната карактеристика на лицето. Дефиницијата во целост не е во согласност со меѓународните стндарди, посебно Директива на Советот 2000/78/ЕС од 27 ноември 2000 година, со која се воспоставува општа рамка за еднакво постапување во вработувањето и професиите (анг. Council Directive 2000/78/EC of 27 November 2000 establishing a general framework for Equal Treatment in Employment and Occupation, 2000, OJ L 303/16) затоа што е предвидено дека неповолното постапување само има или би можело да има, а не дека и имало. Исто така, во дефиницијата се наведуваат видовите на понеповолно постапување, притоа додавајќи го ризикот на исклучување на некој вид на постапување кој не е наведен, ако се пристапи кон примена на рестриктивно толкување од страна на судовите. Истата би требало да се доработи со цел јасно да ги отсликува сите три елементи на директната дискриминација.

# ГЛАВА II

Што се однесува до постоењето на општо оправдување на директната дискриминација, треба да се напомни дека во Законот таа не е предвидена. Од друга страна, антидискриминациското законодавство содржи голем број општи исклучоци предвидени со членовите од 13 до 15. На пример, ниту едно дејство нема да се смета за дискриминација ако претставува мерка која е предвидена со закон, а со цел поттикнување на вработувањето (член 15 став 1 точка 2); при предвидувањето на суштествениот и одлучувачки услов за вработување (член 14 став 1 точка 2); при посебните случаи на преземање на афирмативни мерки (член 13); при постоење на различен третман на лицата со попреченост во остварувањето на обука и добивањето на образование, со цел задоволување на посебните образовни потреби а поради изедначување на можностите (член 15 став 1 точка 3) и при вршењето на посебната заштита предвидена со закон (член 15 став 1 точка 7) итн.

Посебно дискутабилен е исклучокот предвиден во членот 14, став 1, точка 7 од Законот, а кој се однесува на слободата на говорот, јавниот настап, мислењето и јавното информирање и кој не е условен со барањето за неопходност и пропорционалност, туку е издигнат на ниво на апсолутен исклучок. Вака дефиниран овој исклучок е проблематичен од аспект на меѓународните стандарди, затоа што слободата на изразување не е апсолутно дефинирана, туку може да се ограничи. Една од причините за ограничување е заштитата на слободите и правата на другите, вклучително и правото на еднаквост и недискриминација. Апсолутно дефинираната слобода на изразување е во колизија со можното давање на инструкција за дискриминација како и поттикнување на дискриминацијата, кои, пак, се забранети со Законот за спречување и заштита од дискриминација и со Кривичниот законик.

Индиректната дискриминација врз дискриминациска основа е забранета во согласност со членот 6 став 2 од Законот и се појавува кога навидум неутрална одредба, критериум или практика го става лицето, со заштитна карактеристика или поширока група на овие лица, во посебно неповолна положба во споредба со други лица, освен ако таквата одредба, критериум или практика произлегува од оправдана цел а средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни. Дефиницијата не е во целост во согласност со Директивата 2000/78/ЕС, наведена погоре, затоа што е предвидено дека само ги става лицата во посебно неповолна положба, а не дека ги става или може да ги стави во посебно понеповолна положба.

Во Законот постои можност за општо оправдување на индиректната дискриминација во согласност со постоењето на оправдана цел и тестот за пропорционалност. Тоа што е интересно, е што судовите треба да играат клучна улога при решавањето на дилемата за процентот на погоденоста на членовите од групата во случаи на индиректна дискриминација. Притоа, не е изречно забрането статистичките податоци да се користат при докажување на овие случаи и авторите сметаат дека истите би биле прифатливи како доказ во судските постапки, се разбира според слободната оцена на судот и ако тој им поклони верба.

Вознемирувањето врз дискриминациска основа е забрането во согласност со членот 7 дефинирајќи го како посебен појавен облик на дискриминација. Вознемирувањето и понижувачкото постапување претставува повреда на достоинството на лице или на група лица кое произлегува од дискриминациската основа и кое има за цел или резултат повреда на достоинството на односното лице или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Вознемирувањето е дефинирано поширoко опфаќајќи повреда на достоинството покрај на индивидуалното лице, и на група на лица кои ја делат заштитната карактеристика. Меѓутоа, не се споменува дека е непосакувано постапување, односно не може да има жртва на вознемирување ако поединецот го сакал и го одобрувал таквото однесување. За крај би споменала дека, кога зборуваме за вознемирувањето, нашето законо-

**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација
ГЛАВА II

# ГЛАВА II

давство не дава јасен одговор за прашањето на одговорноста на одговорното лице (работодавецот или давателот на услуги) за извршеното вознемирување од страна на трети лица. Сепак, се смета дека одговорноста на работодавецот за постапувањето на трети лица вклучително и за вознемирувањето во голема мера ќе зависи од природата на нивниот заемен однос, како и идната судска практика по однос на ова прашање.

Дополнително, инструкцијата за дискриминација (која се нарекува: помагање и поттикнување на дискриминација) се забранува во согласност со членот 9 од Законот како посебна појавна форма на дискриминација. Притоа, опфатени се како директното така и индиректното повикување, охрабрување, давање упатство или поттикнување друго лице да врши дискриминација.

За лицата со ментална и телесна попреченост посебно важен е членот 5, став 1, точка 12 и членот 8, став 2, кој предвидува обезбедување на соодветно приспособување. Имено, Законот предвидува дека „приспособувањето на инфраструктурата и сервисите е преземање на соодветни мерки, потребни во одреден случај, за да му се овозможи на лицето со ментална и телесна попреченост да има пристап, да учествува и да напредува во работниот процес, освен ако овие мерки не наметнуваат диспропорционални оптоварувања за работодавците“.

Критиката на оваа одредба се упатува затоа што е ограничувачка, односно се однесува само на приспособувањето на инфраструктурата и сервисите. Понатаму, Законот не го дефинира терминот „соодветни мерки“ за овие лица, освен што објаснува дека тие се индивидуализирани, односно кои се потребни во соодветниот случај.

Дополнително, Законот не прави разлика помеѓу важните и основните функции на работното место и оние маргинални и небитни функции, што е значителен недостаток на оваа одредба. И за крај, што се однесува до прашањето за несразмерен товар, според нашиот закон: диспропорционалните оптоварувања, националното законодавство не ги анализира и не ги обусловува истите, како во другите држави, со големината и статусот на правното лице (државно





ГЛАВА II

или приватно), финансиските трошоци, обемот и финансиските извори на работодавецот, како и можноста да се добијат средства од јавни извори или каква било друга помош. При измената на Законот ова појаснување изречно треба да се вметне. Тоа што е прогресивно во членот 8 став 2, и е целосно во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост е што неоправданото отсуство на соодветното приспособување се смета за форма на дискриминација.

Што се однесува до процесните одредби преминувањето на товарот на докажувањето е изречно предвиден во Законот. Дополнително, во членовите од 16 до 33 Законот предвидува воспоставување на тело за еднаквост - Комисија за заштита од дискриминација (КЗД) и ја регулира постапката пред него. Националниот систем предвидува три постапки кои можат да се водат во случаи на наводна дискриминација и тоа: административна постапка (пред КЗД во согласност со членовите од 25 до 28 од Законот и пред народниот правобранител во согласност со членовите од 13 до 27 од Законот за народниот правобранител), парнична постапка (во согласност со членовите од 34 до 41 од Законот) и прекршочна постапка (во согласност со членовите од 42 до 45 од Законот).

КЗД е предвидена како независен, самостоен орган во согласност со Законот која има надлежност како во јавниот така и во приватниот сектор. Во согласност со членот 24 од овој Закон, КЗД има широки надлежности со цел промовирање на еднаквоста и спречување на дискриминацијата врз дискриминациска основа.

Законот предвидува и судска постапка за заштита на правата во случаи на дискриминација (Попоска и Јовевски, 2017, стр. 68-71).

## 2. Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020

Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020 ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на правата и еднаквите можности во различните области и се однесува на дискриминација во сите области, групирани во: работа и работни односи,

# ГЛАВА II

образование, наука, спорт и култура, социјална сигурност (заштита, пензиско и инвалидско осигурување и здравство), правосудство и управа и пристап до добра и услуги.

Визијата на Стратегијата е остварување на човековите права и воспоставување на еднакви можности и недискриминација за сите луѓе во Р. Македонија во сите области од општественото живеење. Мисијата е: ефикасна заштита од дискриминација и почитување на принципот на еднакви можности и забраната на дискриминација на кое било лице и/или група на лица, врз основа на нивните лични карактеристики, особено ранливите социјални групи (етничките заедници, жените, ЛГБТИ лицата, лицата со ментална и телесна попреченост, старите лица, децата, бегалците, лицата со понизок социјален статус, внатрешно раселените лица, како и други ранливи групи, членовите на верските заедници и секое лице коешто е третирано различно без оправдани причини и легитимна цел). Основните принципи и определби на Стратегијата се: партиципативна демократија – консултации; партнерство и соработка; и одговорност.

Општата цел на Националната стратегија е превенција и заштита од дискриминација за да се подигне степенот на остварување на човековите права и еднаквите можности за сите, во различни области од општественото дејствување на национално и локално ниво. Постојат три стртеашки цели, и тоа: 1) Унапредување на правната рамка за еднакви можности и недискриминација; 2) Зајакнување на капацитетите, унапредување на работата и координација на институционалните механизми за спречување и заштита од дискриминација и промовирање на еднаквите можности; и 3) Подигање на јавната свест за препознавање на формите на дискриминација и промовирање на концептот на недискриминација и еднакви можности.

## 3. Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018

Во 2010 година Владата ја усвои ревидираната Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018. Општата цел на стратегијата е унапредување на положбата на лицата со попреченост до





ГЛАВА II

позиција на рамноправни граѓани кои ги уживаат сите права и одговорности. Основните принципи и определби се: почитување на вроденото достоинство, индивидуалната автономност, вклучувајќи и слобода на сопствен избор и независност на лицата со попреченост; недискриминација; целосно и ефикасно учество и вклученост во сите сфери на општественото живеење; почитување на разликите и прифаќање на лицата со попреченост како дел од човековата различност и човечност во заедничкото живеење; еднакви можности; пристапност; родова еднаквост и концепт за децата со попреченост. Стратегијата инкорпорира седумнаесет посебни целини на дејствување, и тоа: 1) Семејство и развој на личноста; 2) Превенција; 3) Здравствена заштита, хабилитација и рехабилитација; 4) Достапност на услуги и помагала; 5) Образование; 6) Професионална и работна ориентација и вработување; 7) Социјална заштита; 8) Домување, мобилност и пристапност; 9) Правна заштита и заштита од насилство и злоставување; 10) Информирање, комуникација и подигнување на нивото на свеста; 11) Учество во културниот живот; 12) Рекреација и спорт; 13) Информации и истражување; 14) Учество во политичкиот и јавниот живот; 15) Меѓународна соработка; 16) Статистика и прибирање на податоци; и 17) Мониторинг и евалуација на Стартегијата.

# ГЛАВА III

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО ПРАВОТО НА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ



# ГЛАВА III

Анализата на состојбата, објаснета подолу, се базира врз наодите од истражувањето и анализата на одговорите на прашалниците од 1000 лица со попреченост и родители на деца со попреченост во Република Македонија, изработено и спроведено во рамките на проектот.

## 1. Наоди од спроведеното истражување за демистификација на прашањето на попреченоста во областа на еднаквоста и недискриминацијата

### 1.1. Цел и предмет на истражувањето

Оваа анализа дава слика за познавањето на своите права од страна на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост, посебно на правото на еднаквост и недискриминација, согласно стандардите поставени со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Во иста насока се анализира дали се разбира институтот на соодветното приспособување и што се подразбира под негово обезбедување.

Дополнително, се анализираат перцепциите на испитаниците/чките за ефикасноста и целисходноста на мерките кои државата ги превзема за постигнување на реалната еднаквост на лицата со попреченост. Воедно, го детектира и профилот на лицата со попреченост (вид/степен на попрченост, пол, возраст, образование/стручно оспособување, приоритети кога станува збор за остварување на правата, и дали нивните права некогаш биле повредени). Дополнително, анализата посочува и на постоењето на повеќекратната дискриминација, посебно врз основа на попреченост и пол, но и попреченост и возраст. За крај, анализата наведува за кои теми самите лица со попреченост и родителите на децата со попреченост сметаат дека им се потребни повеќе информации за да можат да го остварат своето право на еднаквост. Анализата ги разработува и ставовите на целната група за слободата на информирање на еднаква основа со другите, подигнувањето на јавната свест и политичкото учество на лицата со попреченост на еднаква основа со другите.

# ГЛАВА III

Анализата е замислена како алатка во рацете на чинителите релевантни во оваа област а со цел да се дадат препораки во насока на усогласување и унапредување на законската рамка во согласност со Конвенцијата и подобрување на националната практика.

Со цел да се навлезе подлабоко во состојбите, причините и потребите на лицата со попреченост, се зема предвид и националниот и локалниот контекст, како и националните и локалните политики и законодавство насочени кон лицата со попреченост. Воедно, при квалитативната анализа на добиените податоци од спроведениот прашалник се земаат предвид и моменталните позитивни трендови, чиј раст може да се очекува во следнот период преку активности на локално ниво и доближување на обврските на сите чинители за целосно вклучување на лицата со попреченост во локалната заедница, што пак произлегува од самите мерки и политики на државата на национално и локално ниво. Како на пример, обврските за државите што произлегуваат од ратификуваните меѓународни инструменти т.е. Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, како и Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана) 2010-2018 година и Националната стратегија за еднаквости недискриминација 2016-2020 година. Квалитативната анализа го зема предвид и економско–социјалниот и културниот контекст на самата локална заедница, како и местото на живеење, како важен фактор во спроведувањето на тековните национални и локални стратегии и акциони планови како и преточување на меѓународните стандарди во пракса.

И за крај, важен фактор во процесот на креирање и спроведување на политиките насочени кон лицата со попреченост се самите институтции. Од тие причини, како секундарна целна група на истражувањето се државните институции, и преку анализата на добиените





ГЛАВА III

одговори, може да се види и приказ на состојбите во македонското општество, односно, малиот број на вклучени лица со попреченост во општествениот и политичкиот живот, ниското ниво на познавање на своите права, реалност која нецелосно го одразува социјалниот модел на гледање на попреченоста од аспект на човекови права, предизвиците на обезбедување на соодвтно приспособување и слично.

Инструментите на истражувањето се Прашалникот за лицата со попреченост и родители и старатели на деца со попрченост (п-лп/2018) и Водичот за за дискусија во фокус групи со различни категории на испитаници од аспект на еднаквост и недискриминација (в-лп/2018).

### 1.2. Примерок на истражувањето

Вкупниот број на испитаници/чки е 1000 лица, од кои 500 се лица со попреченост и 500 се родители на деца со попреченост имајќи ги предвид сите видови на попреченост. Целосниотпримерокестратифициран по вид на попреченост, пол, етничка припадност, возраст, степен на образование и место на живеење/општини. Подолу се податоците за секоја од под-групите соодветно, прикажани во табели и графикони.

Во таа насока, целниот примерок на лицата со попреченост е поделен на следниов начин, и тоа: 185 лица со физичка попреченост (37%), 145 лица со оштетен вид (29%), 140 лица со оштетен слух (28%) и 30 лица со интелектуална попреченост (6%). Од родителите на деца со попреченост се добија повратни одговори од страна на 120 родители на деца со физичка попреченост (24%), 35 родители на деца со оштетен вид (7%), 60 родители на деца со оштетен слух (12%), 105 родители на деца со комбинирана попреченост (21%) и 180 одговори од страна на родители на деца со интелектуална попреченост (36%) (види Графикон број 1)

# ГЛАВА III

**Графикон 1**. Истражувачкиот примерок според видот на попреченоста




Истражувачкиот примерок според пол во целост се дели на 520 женски испитанички, односно 52% и 480 испитаници од машкиот пол, односно 48%. Графикон број 2 дава кумулативен приказ на примерокот според полот вкрстен со видот на попреченост. Имено, од лицата со попреченост 265 се женски испитанички наспрема 235 кои се машки, додека од родителите на деца со попреченост 255 се жени наспрема 245 кои се мажи.

Во Табела број 1 е даден кумулативен приказ на примерокот според етничката припадност и видот на попреченост. Имено, 645 учесници се изјасниле како Македонци (64,5%), 270 Албанци (27%), 30 Турци (3%), 25 Бошњаци (2,5%), 10 Власи (1%) додека 20 учесника се изјасниле дека се од Ромската заедница (2%).





# ГЛАВА III

**Графикон 2**. Истражувачкиот примерок според видот на попреченоста и полот




**Табела 1**. Истражувачкиот примерок според видот на попреченоста и етничката припадност

| Етничка Застапеност | Лица со физички хендикеп | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух и говор | Лица со комбиниран хендикеп | Лица со интелектуален хендикеп | Родители на деца со физички хендикеп | Родители на деца со оштетен вид | Родители на деца со оштетен слух и говор | Родители на деца со комбиниран хендикеп | Родители на деца со интелектуален хендикеп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 110 | 80 | 100 | | 25 | 80 | 20 | 50 | 70 | 110 |
| Албанци | 75 | 45 | 20 | | 5 | 25 | 10 | | 30 | 60 |
| Бошњаци | | 5 | 10 | | | 5 | | | 5 | |
| Турци | | 10 | 5 | | | 10 | 5 | | | |
| Власи | | | 5 | | | | | | | 5 |
| Роми | | 5 | | | | | | 10 | | 5 |

# ГЛАВА III

Во Графикон број 3 е даден кумулативен приказ на примерокот според возраста, поделен на осум возрасни групи. Од него може да се заклучи дека најголем дел од испитаниците/чките се лица со попреченост или родители на деца со попреченост кои припаѓаат на возрасната група над 30 години, со вкупен процент од 85%, а најмалку на возрасната група до 30 години со вкупен процен од 15%. Најголем број на испитаници/чки лица со попреченост се од возрасната групи од 30 до 34 години и од 40 до 44 години на кои отпаѓа 37% од истражувачкиот под-примерок на лица со попреченост. Од друга страна, најголем број на испитаници/чки родители на деца со попреченост се од возрасната групи од 35 до 39 години и од 50+ години на кои отпаѓа 51% од истражувачкиот под-примерок на родители на деца со попреченост.

**Графикон 3**. Истражувачкиот примерок според возраст






**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА III

**Табела 2**. Истражувачкиот примерок според видот на попреченоста и општината на живеење

| Град | Лица со физички хендикеп | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух и говор | Лица со интелектуален хендикеп | Родители на деца со физички хендикеп | Родители на деца со оштетен вид | Родители на деца со оштетен слух и говор | Родители на деца со комбиниран хендикеп | Родители на деца со интелектуален хендикеп | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 5 | | | | 5 | 10 | | | 10 | 30 |
| Боговине | 5 | | | | 5 | | | 10 | 0 | 20 |
| Брвеница | 5 | | | | | | | | 0 | 5 |
| Берово | | 5 | | | 10 | | | | 0 | 15 |
| Велес | 15 | 5 | | | 10 | 5 | | 30 | 15 | 80 |
| Виница | | 5 | | | | | | | 10 | 15 |
| Валандово | | | 5 | | | | | | 0 | 5 |
| Гевгелија | | 5 | 20 | | 5 | | | 5 | 0 | 35 |
| Градско | 10 | | | | 15 | | | 5 | 0 | 30 |
| Гостивар | | 30 | 20 | | | 5 | | 10 | 5 | 70 |
| Дебрца | | | | | 5 | | | | 0 | 5 |
| Дојран | | 5 | 5 | | | | | | 0 | 10 |
| Крива Паланка | 15 | | | | | | | | 0 | 15 |
| Кичево | 5 | 5 | 5 | | | | | 5 | 0 | 20 |
| Кавадарци | 5 | | 5 | | | | 10 | | 0 | 20 |
| Куманово | | 10 | | | | | | | 0 | 10 |
| Кратово | | | 10 | | | | | | 0 | 10 |
| Кочани | 5 | 5 | | | | | | | 0 | 10 |
| Неготино | | 5 | | | | | | | 10 | 15 |
| Охрид | 5 | | | | | | | | 10 | 15 |
| Прилеп | 10 | 10 | 10 | 5 | | | 15 | | 30 | 80 |
| Пробиштип | | | | | | | | | 10 | 10 |
| Ресен | | | 15 | | | | | | 10 | 25 |
| Радовиш | | | | | | | | | 15 | 15 |
| Скопје | 40 | 15 | 40 | 20 | 30 | 10 | 35 | 5 | 25 | 220 |
| Струга | 15 | | | | | | | | 0 | 15 |
| Струмица | 5 | 5 | | 5 | | | | | 0 | 15 |
| Тетово | 30 | 30 | 5 | | 35 | 5 | | 35 | 25 | 165 |
| Штип | 10 | 5 | | | | | | | 5 | 20 |

# ГЛАВА III

Имено во Табела број 2 е даден кумулативен приказ на примерокот според општината во која испитаниците/чките живеат. Гледано од аспект на територијалнта покриеност, во рамките на истражувањето беа опфатени како градските, така и руралните средини. Најголема застапеност има во Скопје каде се опфатаени 200 испитаници/чки, па Тетово – 165 испитаници/чки, па потоа следува Велес со 80 испитаници/чки, Прилеп со 75 испитаници/чки, Гостивар со 70 испитаници/чки, Гевгелија со 35 испитаници/чки, Струмица, Струга, Радовиш, Охрид, Неготино и Виница сите по 15 испитаника/чки, Градско со 30 испитаници/чки, Ресен со 25, Пробиштип, Штип, Кичево, Крива Паланка и Боговиње сите со 20 испитаника/чки, Кочани, Кратово, Куманово и Дојран со по 10 испитаника/чки, Битола и Брвеница, Валандово и Дебарца со по 5 испитаника/чки.

Во Графикон број 4 е даден приказ на степенот на образование на истражувачкиот примерок, од кој може да се заклучи дека најголем дел од испитаниците/чките, и тоа значителен број, имаат завршено средно образование, со 98% кумулативен процент (47% од лицата со попреченост и 51% од родителите на деца со попреченост), по кој следи групата испитаници/чки со завршено основно образование, со 43% кумулативен процент (27% од лицата со попреченост и 16% од родителите на деца со попреченост), и високо образование со 41% кумулативен процент (само 8% од лицата со попреченост и 33% од родителите на деца со попреченост). Загрижува фактот што 18% од испитаниците/чките од лицата со попреченост се без формално образование.

### 1.3. Квантитативна и квалитативна анализа на одговорите на прашалниците

Како што е наведено и погоре, Прашалникот се состои од два дела, и затоа и одговорите на прашалниците се анализирани во два дела и тоа: прв, прашања поврзани со правото на еднаквост и искуствата со дискриминацијата и втор, правото на примање и давање на информации од страна на лицата со попреченост





**Графикон 4**. Истражувачкиот примерок според степенот на образование




на еднаква основа со другите и превземените мерки од страна на државата за унапредување на правата на лицата со попреченост вклучително и за подигнување на јавната свест и политичкото учество.

### Прв дел: Прашања поврзани со правото на еднаквост и искуствата со дискриминацијата

Во првиот дел од Прашалникот се прибираат податоци за искуствата на лицата со попреченост и родителите на децата со попрченост за спроведување на правото на еднаквост и недискриминација и се анализира познавањето на ова свое право и опфатот на истото. Имено, во Графиконот број 5 е даден приказ на примерокот според тоа дали испитаниците/чките сметаат дека лицата со попреченост се еднакви со другите граѓани (Прашање бр.1). Од вкупниот број на испитаници/чки лица со попреченост сите во апсолутен број сметаат дека не се еднакви, а 99% од родителите на децата со попреченост сметаат дека нивните деца не се еднакви со останатите деца, кои немаат попреченост.

# ГЛАВА III

**Графикон 5**. Дали лицата со попреченост се еднакви со другите граѓани?




**Графикон 6**. Дали лицата со попреченост уживаат еднаква заштита пред законот во споредба со другите граѓани?






**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА III

Во Графикон број 6 е даден приказ за ставот на примерокот за тоа дали лицата со попреченост уживаат еднаква заштита пред законот во споредба со другите граѓани (Прашање бр.02). На ова прашање се забележува значителен дел од примерокот кој не одговорил (17%). Разликите во гледањето на ова прашање според пол и вид на попреченост е незначителна и од тие причини не се обработува.

Што се однесува до тоа дали лицата со попреченост се дискриминирани во нашето општество (Прашање бр.03), висок процент смета дека се дискриминирани (вкупен процент од 87%), нема негативен одговор,

**Изјави од учесници/чки на фокус група**

„Ние не сме третирани еднакво, државата не се грижи за оваа категорија на луѓе, се чувствува дискриминација секаде.“ - лице со попреченост.

„Не се примени децата во општеството како останатите.“ - родител на дете со попреченост.

„Имаш нерегулирана едукација, социјален и здравствен лавиринт – не со попреченост, супер херој треба да си за да се избориш за некое право.“ - лице со попреченост

„Самата држава и институциите не ја сфаќаат попреченоста, ти едно им зборуваш тие те туркаат настрана. Не не сме еднакви и немаме никаква заштита.“ - лице со попреченост.

„Многу време се губи по научни и секаков вид на семинари. Се останува на хартија, ништо не се прави за да ни се олесни животот.“ - лице со попреченост.

„Барем државата да ми обезбеди превоз за моите деца за на вежби во заводот за слух, говор и глас. Немаме можност нашите деца да ги однесеме до таму бидејќи јас морам да работам а мојата жена не може да ги однесе.“ - родител на дете со попреченост.

„Ние сме граѓани од втор ред. Сите закони да се изменат и да донесат нов за нас.“ - лице со попреченост.

# ГЛАВА III

**Графикон 7**. Истражувачкиот примерок според видот на попреченост и дали сметаат дека лицата со попреченост се дискриминирани




но се забележува значителен дел од примерокот кој не одговорил (вкупен процент од 13%). Разликите во гледањето на ова прашање според пол и вид на попреченост е незначителна и од тие причини не се обработува. (Табела број 3 и Графикон број 7).

На прашањето во која област на општественото живеење лицата со попреченост се најчесто дискриминирани (Прашање бр.04), вкупниот истражувачки примерок смета дека тоа е областа социјална заштита за која 96% од испитаниците сметаат дека е најчеста, и здравство, со 94% согласност од испитаниците/чките. Потоа следи областа на образование наука и спорт со 70,5%, работа и работни односи со 64,5%, и пристап до добра и услуги со 62%. За областа јавно информирање и медиуми 46% од испитаниците/чките сметаат дека е честа, потоа областа на правосудство и управа со 39%, и домување со 27%. На крај е областа на културата со 5,7% од испитаниците/чките кои сметаат дека е честа и членувањето и дејствувањето во синдикални организации, политички партии, здруженија и фондации или





ГЛАВА III

други организации засновани на членство со 2,5% (Графикон број 8 и Табела број 4).

Треба да се напомене дека иако во голем дел од одговорите лицата со попреченост имаат сличен или ист став со родителите на децата со попреченост, разлика се забележува во областа на работата и работните односи со разлика од 19,5 п.п. (процентни поени)[ Процентни поени (п.п.) е единица мерка за аритметичка разлика меѓу два проценти.] како и областа на правосудство и управа со 15 п.п. Забележително е што за лицата со попреченост сметаат дека во областа на култура и членувањето и дејствувањето во синдикални организации, политички партии, здруженија и фондации или други организации засновани на членство се до некаде дискриминирани (иако во мал број), додека родителите на децата со попреченост сметаат дека во овие две области лицата со попреченост воопшто и да не се дискриминираат.

Исто така, треба да се напомене дека областа на јавното информирање и медиуми е доста високо на листата на области каде лицата со сензорна попреченост се чувствуваат дискриминирано, и тоа посебно кај лицата со оштетен слух каде оваа област е прва на ранг листата во која истите се чувствуваат дискриминирани. Истата тенденција се забележува и во приоретизирањето на областа пристап до добра и услуги за овие две групи лица со попреченост. Разликите во гледањето на ова прашање според пол и другите социо-демографски карактеристики е незначителна и од тие причини не се обработуваат.

**Табела 3**. Според Вас, дали лицата со попреченост се дискриминирани во остварувањето на правото на работа за разлика од лицата без попреченост?

| | Да | Не одговорил |
|---|---|---|
| Лица со попреченост | 86% | 14% |
| Родители на деца со попреченост | 88% | 12% |

# ГЛАВА III

Ставовите на испитаниците/чките за повеќекратната дискриминација врз основа на попреченост и пол/род се претставени подолу во Графикон број 9. Имено, на прашањето дали сметаат дека жените и девојките со попреченост се предмет на повеќекратна дискриминација, поради својот пол/род и својата попреченост, вкупниот истражувачки примерок во 76% одговорил позитивно. Висок е процентот на испитаници/чки кои не одговориле на ова прашање (24%), односно едно во четири лица не дало одговор на ова прашање кое не доведува до заклучок дека причините за ова би требало да се предмет на понатамошна анализа. Интересно да се напомене е дека разликите во гледањето на ова прашање по сите социо-демографски карактеристики, посебно полот, е незначителна и од тие причини не се обработуваат.

Од друга страна, кога беа прашани испитаниците/чките за повеќекратната дискрминација, но овој пат во интерсекција помеѓу попреченоста и возраста (деца), 97,5% од сите испитаници/

**Изјави од учесници/чки на фокус група**

„Поради неинформираност за состојбата на нашите деца истите се избегуваат од нивните врсници.“ - родител на дете со попреченост.

„Државата воопшто не полага сметка за нас ... на пример за полагање за возачка дозвола не ми дозволуваат толкувач на знаковен јазик, бидејќи јас не ги разбирам прашањата и барам толкувач да учествува со мене, но тие ме одбија.“ - лице со попреченост.

„Невработеноста е проблем ... нити државата нити претпријатијата нé сакаат.“ - лице со попреченост.

„Не се прифатени од врсниците и институциите во секоја област од живеењето.“ - родител на дете со попреченост

„Околината не не сака ... каде и да одиме луѓето не загледуваат. Поинаку се гледа на нас, не исмејуваат а ние немаме сигурност.“ - лице со попреченост.

**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во
областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА III

**Графикон 8**. Истражувачкиот примерок според видот на попрченост и во која област на општественото живеење лицата со попреченост се најчесто дискриминирани.




чки одговориле позитивно, нема негативен одговор а само 2,5% не одговориле, што укажува на фактот дека оваа форма на дискриминација за нив е попрепознатлива. Имено, во Графикон број 10 е прикажан одговорот на прашањето дали децата со попреченост се предмет на повеќекратна дискриминација, поради својата возраст и својата попреченост. Незначителна е разликата во гледањето на ова прашање по сите социо-демографски карактеристики.

Што се однесува до тоа дали се обезбедува соодветно приспособување за лицата со попреченост, висок процент смета дека не се обезбедува, нема позитивен одговор, но се забележува значителен дел од примерокот кој не одговорил (вкупен процент од 15%). Разликите во гледањето на ова прашање според видот на попреченост е незначителна и од тие причини не се обработува, но се наведува илустративно подолу. (Табела број 5 и Графикон број 11).

# ГЛАВА III

**Изјави од учесници/чки на фокус група**

„Нивната немоќ се искористува на разни начини и од секого, од дома па и надвор.“ - лице со попреченост.

„Едно е да имаш девојче со попреченост, и да немаш. Имам две девојчина, едното со попреченост поинаку ми го третираат и другарчињата и роднините не се однесуваат исто како со другото кое не е со попреченост.“ - родител на дете со попреченост.

„Мора да сме на јасно дека подруго се гледа на жените со попреченост.“ - лице со попреченост.

**Табела 4**. Според Вас, во која област на општественото живеење лицата со попреченост се најчесто дискриминирани?

| Во која област на општественото живеење лицата со хендикеп се најчесто дискриминирани? | Лица со физички хендикеп | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух и говор | Лица со интелектуален хендикеп | Родители на деца со физички хендикеп | Родители на деца со оштетен вид | Родители на деца со оштетен слух | Родители на деца со комбиниран хендикеп | Родители на деца со интелектуален хендикеп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работата и работните односи | 17,5% | 9,0% | 12,5% | 3,0% | 6,0% | 1,5% | 4,5% | 3,0% | 7,5% |
| Образование, наука и спорт | 15,0% | 10,5% | 11,0% | 1,0% | 10,0% | 2,5% | 5,5% | 3,5% | 11,5% |
| Социјална заштита | 18,0% | 13,5% | 11,5% | 3,0% | 12,0% | 3,5% | 6,0% | 10,5% | 18,0% |
| Здравствена заштита | 18,0% | 13,0% | 12,0% | 1,0% | 12,0% | 3,5% | 6,0% | 10,5% | 18,0% |
| Правосудство и управа | 14,5% | 5,0% | 7,0% | 0,5% | 5,0% | 0,5% | 2,0% | 1,0% | 3,5% |
| Домување | 5,0% | 2,0% | 5,0% | 0,0% | 7,0% | 0,5% | 2,0% | 1,5% | 4,0% |
| Јавно информирање и медиуми | 4,0% | 8,0% | 14,0% | 0,5% | 4,5% | 2,0% | 3,5% | 2,5% | 7,0% |
| Пристап до добра и услуги | 13,0% | 6,5% | 13,5% | 1,5% | 11,0% | 2,5% | 6,0% | 2,5% | 5,5% |
| Членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија и фондации или други организации засновани на членство | 1,0% | 0,5% | 0,5% | 0,5% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% |
| Култура | 1,5% | 1,0% | 2,0% | 1,0% | 0,0% | 0,0% | 0,2% | 0,0% | 0,0% |





# ГЛАВА III

**Графикон 9**. Истражувачкиот примерок дали сметаат дека жените и девојките со попреченост се предмет на повеќекратна дискриминација




**Графикон 10**. Истражувачкиот примерок дали сметаат дека децата со попреченост се предмет на повеќекратна дискриминација



# ГЛАВА III

**Графикон 11**. Истражувачкиот примерок според видот на попрченост и дали се обезбедува соодветно приспособување за лицата со попреченост




**Табела 5**. Според Вас, дали лицата со попреченост имаат доволно можности за само-вработување и започнување на свој бизнис?

| | Не | Не одговорил |
|---|---|---|
| **Лица со попреченост** | **85%** | **15%** |
| **Родители на деца со попреченост** | **85%** | **15%** |





# ГЛАВА III

Изјавите од фокус групата покажуваат дека лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост не го разбираат институтот на соодветно приспособување и што тој опфаќа во себе. Постои тенденција на негова замена со пристапноста воопшто. Потребно е изработка на пишан материјал во кој ќе се објасни во детали што претставува соодветното приспособување како анти-дискриминациски правен институт и негово разграничување со пристапноста како човеково право, согласно член 9 од Конвенцијата.

Првиот дел од прашалникот завршува со анализа на одговорите на прашањето дали мерките кои државата ги превзема за постигнување на реална еднаквост на лицата со попреченост се доволни и ја исполнуваат својата цел. Имено, во Графикон број 12 е прикажан одговорот на испитаниците/чките, кои покажуваат висок процент на незадоволство и негативен одговор на ова прашање со 97%. Малку е поголем процентот на родителите на деца со попреченост кои не дале одговор на ова прашање. Незначителна е разликата во гледањето на ова прашање по сите социо-демографски карактеристики, вклучително и видот на попреченост на испитаниците/чките.

**Изјави од учесници/чки на фокус група**

„Институциите се груби, какво приспосбување една рампа не ми направи градоначалникот, барем до таму да одев да се жалам вака не можам ни до кај него да одам.“ - лице со попреченост.

„Нема во нашава држава ништо а не пак приспособување.“ - родител на дете со попреченост.

„Каква еднаквост, за да сме еднакви треба исти предуслови да имаме. Кога не можеш ни до продавница сам да си отидеш нема тука еднаквост. А за гласање да не разговараме. Ми нудат дома во сабота да гласам.“ - лице со попреченост.

„Самодовербата кај лицата со попреченост е на ниско ниво, потребна е работа за подигнување на истата, но и едукација на родителите на децата со попреченост.“

# ГЛАВА III

**Графикон 12.** Истражувачкиот примерок дали мерките кои државата ги превзема за постигнување на реална еднаквост на лицата со попреченост се доволни и ја исполнуваат својата цел




**Графикон 13.** Истражувачкиот примерок дали лицата со попреченост ја уживаат слободата на изразување, на еднаква основа со другите








ГЛАВА III

**Изјави од учесници/чки на фокус група**

„На работно место сме најдискриминирани. Сите не гледаат како неспособни.“ - лице со попреченост.

„Треба случаите на дискриминација да се пријавуваат. Во Комисијата за заштита од дискриминација има мал број на претставки за дискриминација по основа на попреченост. Лицата со попреченост треба да се охрабрат да ги пријавуваат случаите на дискриминација.“ - лице со попреченост.

„Закони кои ја регулираат пристапноста постојат, кои се одлични, а сепак состојбата по ова прашање останува на ниско ниво. За еднакви можности сите се залагаме, ама стигматизацијата е се уште присутна.“ – претставник на институција.

**Втор дел: Правото на примање и давање на информации од страна на лицата со попрченост на еднаква основа со другите и превземените мерки од страна на државата за унапредување на правата на лицата со попреченост вклучително и за подигнување на јавната свест и политичкото учество**

Во вториот дел од Прашалникот, кој се однесува на примање и давање на информации од страна на лицата со попрченост на еднаква основа со другите и превземените мерки од страна на државата за унапредување на правата на лицата со попреченост, вклучително и за подигнување на јавната свест и политичкото учество (09-20) опфатени се 12 прашања, преставени подолу.

На прашањето дали лицата со попреченост ја уживаат слободата на изразување, на еднаква основа со другите, половина од испитаниците/чките, односно 49% сметаат дека воопшто не ја уживаат оваа слобода на еднаква основа со другите граѓани.

Дополнително 29,5% сметаат дека само делумно ја уживаат оваа слобода а само 8,5% се согласни дека во целост ја уживаат. Високи 13% не одговориле на ова прашање. Графикон

# ГЛАВА III

број 13 ја прикажува разликата помеѓу одговорите на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост, од која се забележува дека родителите во поголем број сметаат дека делумно ја уживаат оваа слобода отколку дека не ја уживаат воопшто. За разлика од нив, лицата со попреченост во висок процент сметаат дека не ја уживаат за разлика од дека делумно ја уживаат (разлика од 20,5 %).

Графикон број 14 го претставува одговорот на испитаниците/чките според нивниот вид на попреченост, од кој јасно се покажува дека значително поголем број на лица со сензорна попреченост сметаат дека не ја уживаат оваа слобода, на еднаква основа со другите, посебно лицата со оштетен слух и родителите на децата со оштетен слух како и лицата со оштетен вид.

Претходно анализираното прашање дали лицата со попреченост ја уживаат својата слободата на изразување се разработува и преку следното прашање, односно дали лицата со попреченост може да бараат, да добијат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите.

Два од пет испитаниците, односно 39% одговориле негативно. Висок процент од 32% сметаат дека само делумно можат да бараат, да добијат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите, а само 10% се согласни дека во целост ја уживаат. Исклучително високи 19% не одговориле на ова прашање, што треба да биде предмет на дополнителна анализа.

Графикон број 15 ја прикажува разликата помеѓу одговорите на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост, од која се забележува дека родителите во поголем број сметаат дека лицата со попреченост делумно можат да бараат, да добијат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите отколку дека не можат. За разлика од нив, лицата со попреченост во значителен процент сметаат дека не можат, за разлика од дека делумно можат да бараат, да добијат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите (разлика од 10,5 %).

Табела број 6 го претставува одговорот на испитаниците/чките според нивниот вид на попреченост, од кој јасно се покажува дека значителен поголем број на лица со



ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА III

**Графикон 14**. Истражувачкиот примерок според видот на попреченост и дали лицата ја уживаат слободата на изразување, на еднаква основа со другите




**Графикон 15**. Истражувачкиот примерок дали лицата со попреченост можат да бараат, да добијат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите



# ГЛАВА III

сензорна попреченост сметаат дека тие не можат да бараат, да добијат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите, посебно лицата со оштетен слух и оштетен вид, како и родителите на децата со оштетен слух и оштетен вид.

Одговорот на прашањето дали алтернативните модели, средства и формати на комуникација се прифатени и се користат во официјалните контакти со лицата со попреченост (Прашање бр.11), според испитаниците/чките е илустративно прикажано на Графикон број 16. Од анализата на одговорите може да се заклучи дека два од пет испитаници, односно 39,5% одговориле негативно. Висок процент од 26% сметаат дека само делумно се прифатени алтернативните модели, средства и формати на комуникација и се користат во официјалните контакти со лицата со попреченост, а само незначителен број, односно 2,5% одговориле позитивно. Исклучително високи 32% не одговориле на ова прашање, што треба да биде предмет на дополнителна анализа затоа што овој број е загрижувачки.

Незначителна е разликата во гледањето на ова прашање по сите социо-демографски карактеристики, вклучително и полот на испитаниците/чките, освен според видот на попреченост на истите

**Табела 6.** Дали лицата со попреченост може да бараат, да добијат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите?

| Дали лицата со хендикеп може да бараат, да добијат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите? | Лица со физички хендикеп | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со интелектуален хендикеп | Родители на деца со физички хендикеп | Родители на деца со оштетен вид | Родители на деца со оштетен слух | Родители на деца со комбиниран хендикеп | Родители на деца со интелектуален хендикеп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да, во целост | 4,0% | 2,0% | 0,0% | 1,0% | 3,0% | 0,0% | 1,0% | 3,0% | 6,0% |
| Делумно | 15,0% | 7,0% | 7,0% | 2,0% | 11,0% | 3,0% | 2,0% | 8,0% | 9,0% |
| Не, воопшто | 15,0% | 16,0% | 19,0% | 2,0% | 4,0% | 4,0% | 8,0% | 3,0% | 7,0% |
| Не знам | 3,0% | 4,0% | 2,0% | 1,0% | 6,0% | 0,0% | 1,0% | 7,0% | 14,0% |





ГЛАВА III

**Графикон 16**. Истражувачкиот примерок дали алтернативните модели, средства и формати на комуникација се прифатени и се користат во официјалните контакти со лицата со попреченост




**Графикон 17**. Истражувачкиот примерок според видот на попреченост и дали се прифатени алтернативните модели, средства и формати на комуникација и се користат во официјалните контакти со лицата со попреченост



# ГЛАВА III

(Графикон број 17). Анализата јасно покажува дека значителен поголем број на лица со сензорна попреченост сметаат дека алтернативните модели, средства и формати на комуникација не се прифатени и не се користат во официјалните контакти со лицата со попреченост, посебно овој став го делат лицата со оштетен слух и оштетен вид, но и родителите на децата со сите видови на попреченост, освен со физичка попреченост (родители на деца со оштетен слух и оштетен вид како и родителите на деца со комбинирана попреченост и родители на деца со интелектуална попреченост).

Одговорот на прашањето дали знаковниот јазик е официјално признат како јазик и дали неговата употреба е промовирана доволно е илустративно прикажано на Графикон број 18. Од анализата на одговорите може да се заклучи дека 42,5% од испитаниците/чките одговориле негативно, незначители 3% одговориле позитивно, 27% одговориле дека делумно знаковниот јазик е официјално признат како јазик и високи 28,5% одговориле со не знам (посебно во категоријата на родители на деца со попреченост), што е загрижувачко и треба да биде предмет на дополнителна анализа.

**Табела 7**. Дали знаковниот јазик е официјално признат како јазик и дали неговата употреба е промовирана доволно?

| | Лица со физички хендикеп | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со интелектуален хендикеп | Родители на деца со физички хендикеп | Родители на деца со оштетен вид | Родители на деца со оштетен слух | Родители на деца со комбиниран хендикеп | Родители на деца со интелектуален хендикеп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да, во целост | 1,0% | 3,0% | 0,0% | 1,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 1,0% |
| Делумно | 13,0% | 10,0% | 9,0% | 0,0% | 3,0% | 2,0% | 2,0% | 6,0% | 7,0% |
| Не, воопшто | 16,0% | 13,0% | 17,0% | 2,0% | 12,0% | 2,0% | 7,0% | 7,0% | 9,0% |
| Не знам | 7,0% | 3,0% | 2,0% | 3,0% | 9,0% | 3,0% | 3,0% | 8,0% | 19,0% |



**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

# ГЛАВА III

**Графикон 18**. Истражувачкиот примерок дали знаковниот јазик е официјално признат како јазик и дали неговата употреба е промовирана доволно




**Графикон 19**. Истражувачкиот примерок дали Браевото писмо е официјално признато како писмо и дали неговата употреба е промовирана доволно



# ГЛАВА III

**Изјави од учесници/чки на фокус група**

„Во развиените земји лицата со попреченост се присутни секаде и видливи, а кај нас комплетно невидливи. Тоа е резултат, пред сѐ на непристапните и недостапните објекти. Универзалниот дизајн не е комплицирана работа, само бара малку поголема желба. Пристапноста не подразбира само до објектите (надвор), туку и внатре во објектите. Не се работи само за рампи, кои најчесто не се по стандарди изградени, туку и праговите во објектите треба да се дизајнирани така да овозможат непречено движење.“ - лице со попреченост.

„Бесмислено е да се регулираат со разнорazни закони работи кои сами по себе треба да се подразбираат. Лицата со попреченост се исти и еднакви со сите останати. Праксата, од друга страна налага потреба од вакви закони, но ги чувствувам како лицемерни бидејќи се многу убаво напишани, а од друга страна на терен ситуацијата е сосема поинаква. Секој поединец кој имал во фамилија, или пак се дружел барем кратко време со лице со попреченост, требало да стане свесен дека лицата со попреченост се рамноправни со останатите, но очигледно се игнорира овој факт. Бесмислено е да се регулира со закон пристапноста, рампата е исто што и скалите.“ - родител на дете со попреченост.

„Се е оставено само на МРТВ емисијата „свет на тишината“, Јас ништо не разбирам од приватни телевизии барем еден толкувач на знаковен јазик на вести да стават.“ - лице со попреченост.

„Мора зкновниот јазик да биде промовиран и признаен и да има вработување на толкувачи секаде. На пример јас кога се породив ми требаше помош од толкувач бидејќи не ме разбираа во болница, исто и јас не ги разбрав и се случи големо недоразбирање.“ - лице со попреченост.

**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА III

Графикон број 20 го претставува одговорот на испитанците/чките според нивниот вид на попреченост, од кој јасно се покажува дека значителен поголем број на лица со сензорна попреченост сметаат дека Браевото писмо не е официјално признато како писмо и дека неговата употреба не е промовирана доволно, посебно лицата со оштетен вид и родителите на децата со оштетен вид.

На прашањето како во општеството се доживуваат граѓаните со попреченост, децата и возрасните со попреченост, три од пет испитаниците/чките, односно 61,5% сметаат дека се постапува со нив како граѓани од втор ред.

Дополнително 33% сметаат дека никој не се грижи за нив, а само 5,5% се согласни дека се еднакви со останатите граѓани во државата. Графикон број 21 ја прикажува разликата помеѓу одговорите на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост, од која не се забележува поголема разлика, освен во делот каде родителите во поголем

**Графикон 20**. Дали Браевото писмо е официјално признато како писмо и дали неговата употреба е промовирана доволно?



# ГЛАВА III

број сметаат дека нивните деца се еднакви со останатите, за разлика од лицата со попреченост.

Незначителна е разликата во гледањето на ова прашање по сите социо-демографски карактеристики, вклучително и видот на попреченост на испитаниците/чките. Само согласно полот се забележуваат помали отстапки, посебно кај родителките на деца со попреченост каде во повисок процент сметаат дека за нивните деца никој не се грижи (Графикон број 22).

На прашањето дали општеството е отворено за лицата со попреченост, висок процент од испитаниците/чките во кумулативен примерок, односно 84,5% одговориле негативно, а само 15,5% позитивно. Во Табела број 8 се прикажува разликата помеѓу одговорите на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост. Незначителна е разликата во гледањето на ова прашање по сите социо-демографски карактеристики, па затоа не се разработува дополнително.

**Графикон 21**. Истражувачкиот примерок за како во општеството се доживуваат граѓаните со попреченост






ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА
Демистификација на прашањето на хендикеп во областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА III

**Графикон 22**. Истражувачкиот примерок според пол за како во општеството се доживуваат граѓаните со попреченост




На прашањето како ја оценувате активноста на државата во создавањето услови за достоинствен живот на лицата со попреченост, пола од испитаниците/чките, односно 51% сметаат дека државата нема направено ништо, дополнителнето со 49% кои сметаат дека државата постапува само инцидентлно. Графикон број 23 ја прикажува разликата помеѓу одговорите на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост според видот на попреченост, од која се забележува поголемо

**Табела 8**. Според Вас, општеството е отворено за лицата со попреченост?

| | Не, само по потреба | Не, целосно е затворено | Да, но во одредени случаи |
|---|---|---|---|
| Лица со попреченост | 39% | 47% | 14% |
| Родители на деца со попреченост | 40% | 43% | 17% |

**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во
областа на еднаквост и недискриминација

ГЛАВА III

незадоволство од постапувањето на државата од страна на лицата со физичка попреченост и оштетен вид и посебно мажите во овие две категории (Графикон број 24), како и родителите на деца со физичка попреченост и оштетен вид и посебно жените во категоријата родителка на дете со физичка попреченост и комбинирана попреченост и мажите во категоријата родител на дете со оштетен вид (Графикон број 25).

При анализа на одговорите на прашањето како државата треба активно да придонесе кон остварување на правата на лицата со попреченост (Прашање бр.17), се забележува разлика во ставовите помеѓу лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост. Имено, за мнозинството на лица со попреченост (53%) државата треба да донесе посебен закон за достоинството и правата на граѓаните со попреченост, потоа да интервенира со поголеми финансии за семејствата и лицата со попреченост (26%) и на крај, да изврши корекции во постоечките закони (21%). Од друга страна, родителите на децата со попреченост, сметаат дека државата треба да интервенира со поголеми финансии за семејствата и лицата со попреченост (43%), па потоа да донесе посебен закон за достоинството и правата на граѓаните со попреченост (39%) и на крај да изврши корекции во постоечките закони (18%) (Графикон број 26).

Постои мала разлика врз основа на пол, каде се забележува дека жените со попреченост без разлика на видот повеќе од мажите сметаат дека треба да се донесе посебен закон за достоинството и правата на граѓаните со попреченост. Од друга страна, родителките на деца со попреченост повеќе од мажите сметаат дека државата треба да интервенира со поголеми финансии за семејствата и лицата со попреченост.

На прашањето дали треба да има квотен систем за учество на лицата со попреченост во политичкиот живот, висок процент од испитаниците/чките во кумулативен примерок, односно 80% одговориле позитивно, 11,5% одговориле делумно, а 8,5% одговориле со не знам.

**Графикон 23**. Истражувачкиот примерок за како се оценуваат активностите на државата во создавањето услови за достоинствен живот на лицата со попреченост




**Графикон 24**. Истражувачкиот примерок според пол, вид на попреченост и како се оценуваат активностите на државата во создавањето услови за достоинствен живот на лицата со попреченост



# ГЛАВА III

**Графикон 25**. Истражувачкиот примерок според пол, родител на дете со определен вид на попреченост и како се оценуваат активностите на државата во создавањето услови за достоинствен живот на лицата со попреченост




Еден во три испитаници/чки, односно 29%, смета дека неговото/нејзиното познавање за Конвенцијата е 1 (недоволно). 21% сметаат дека ја познаваат Конвенцијата за 3 (добро) а само 0,5% сметаат дека имаат познавање кое може да се оцени со 4 (многу добро). Ниту еден испитаник не сметал дека одлично ја познава Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (Графикон број 27).

Жените со попреченост без разлика на видот на попреченост, освен со интелектуална попреченост, сметаат дека подобро ја познаваат Конвенцијата, за разлика од мажите со попреченост (Графикон број 28). Кај родителите на децата со попреченост ставот е различен, односно мажите сметаат дека подобро ја познаваат Конвенцијата, за разлика од жените родители на деца со попреченост,





# ГЛАВА III

**Графикон 26**. Истражувачкиот примерок за како се оценуваат активностите на државата во создавањето услови за достоинствен живот на лицата со попреченост




освен на децата со интелектуална и комбинирана попреченост (Графикон број 29).

На прашањето дали треба да има квотен систем за учество на лицата со попреченост во политичкиот живот, висок процент од испитаниците/чките во кумулативен примерок, односно 80% одговориле позитивно, 11,5% одговориле делумно, а 8,5% одговориле со не знам.

# ГЛАВА III

**Графикон 27**. Истражувачкиот примерок според тоа колку добро ја познаваат Конвенцијата за правата на лицата со попреченост од 1 – 5




**Графикон 28**. Истражувачкиот примерок според пол, вид на попреченост и тоа колку добро ја познаваат Конвенцијата за правата на лицата со попреченост од 1 – 5






# ГЛАВА III

**Графикон 29**. Истражувачкиот примерок според пол, родители на деца со различен вид на попреченост и тоа колку добро ја познаваат Конвенцијата за правата на лицата со попреченост од 1 – 5




**Табела 9**. Според Вас, дали треба да има квотен систем за учество на лицата со попреченост во политичкиот живот?

| | Да, во целост | Делумно | Не знам |
|---|---|---|---|
| Лица со попреченост | 95% | 0% | 5% |
| Родители на деца со попреченост | 65% | 23% | 12% |

# ГЛАВА III

Во Табела број 9 се прикажува разликата помеѓу одговорите на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост, од која лесно се забележува дека лицата со попреченост во 95% го поддржуваат воведувањето на системот на квоти за нивно учество во политичкиот живот додека тоа не е случај со родителите на децата со попреченост каде разликата е во 30 %.

Незначителна е разликата во гледањето на ова прашање по сите социо-демографски карактеристики, па затоа не се разработува дополнително.

**Графикон 28**. Истражувачкиот примерок според пол, вид на попреченост и тоа колку добро ја познаваат Конвенцијата за правата на лицата со попреченост од 1 – 5








# ГЛАВА III

На прашањето која институција треба да работи на подигнување на јавната свест за граѓаните со попреченост (Прашање бр.20), висок процент од испитаниците/чките во кумулативен примерок, односно 46,5% одговориле дека оваа обврска е на сите институции, додека 31% одговориле дека оваа обврска подпаѓа под Министерството за труд и социјална политика, и 22,5% под Министерството за правда.

Во Графикон број 30 се прикажува разликата помеѓу одговорите на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост. Незначителна е разликата во гледањето на ова прашање по сите останати социо-демографски карактеристики, па затоа не се разработува дополнително.

# Заключоци и препораки



## Заклучоци

- Конвенцијата за правата на лицата со попреченост прави еден важен исчекор во разбирањето на правата на лицата со попреченост од аспект на социјалниот модел, како и нивно широко толкување од страна на Комитетот за правата на лица со попреченост.

- Државата превзема значителни напори за усогласувањена законодавството во целост со обврските од членот 5 кој се однесува на правото на еднаквост и недискриминација, превземени со ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, но сепак значително подобрување е потребно со цел ефикасно остварување на ова право во практиката во целост на лицата со попреченост, вклучително и обезбедувањето на соодветно приспособување и воведувањето на афирмативни мерки.

- Постои недоволно национална практика со цел појаснување на анти-дискриминациските стандарди спрема лицата со попреченост.

- Од наодите на истражувањето се заклучува дека лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост сметаат дека не се еднакви со другите граѓани (99,5%), не уживаат еднаква заштита пред законот во споредба со другите граѓани (83%) и дека се дискриминирани (87%).

- Социјална заштита (96%) и здравството (94%) се двете области во кои испитаниците/чките сметаат дека лицата со попреченост се најчесто дискриминирани. Потоа следи областа на образование наука и спорт (70,5%), работа и работни односи (64,5%), и пристап до добра и услуги (62%). Иако во голем дел од одговорите лицата со попреченост имаат сличен или ист став со родителите на децата со попреченост, разлика се забележува во областа на работата и работните односи со разлика од 19,5 п.п. (процентни поени) како и областа на правосудство и управа со 15 п.п. Областа на јавното информирање и медиуми е доста високо на листата на области каде лицата со сензорна попреченост се чувствуваат дискриминирано, и тоа посебно кај лицата со оштетен слух каде оваа

# Заклучоци

област е прва на ранг листата. Истата тенденција се забележува и во приоретизирањето на областа пристап до добра и услуги за лицата со сензорна попреченост.

- Од наодите на истражувањето се заклучува дека испитаниците/чките ја препознаваат повеќекратната дискриминација на жените и девојките со попреченост (76%), но не во тој обем како што ја препознаваат двојната ранливост на децата со попреченост (97,5%) кои се предмет на дискриминација поради својата возраст и својата попреченост.
- Од наодите на истражувањето се заклучува дека најголемиот дел од лицата со попреченост иако тврдат дека ги знаат своите права, сепак нивната интерпретација ја врзуваат со медицинскиот модел на гледање на попреченоста.
- Од наодите на истражувањето се заклучува дека 29% од испитаниците/чките не се свесни за постоењето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, 49,5% го оцениле своето познавање на Конвенцијата со 2 (доволно), на скала од 1 до 5. Жените со попреченост без разлика на видот на попреченост, освен со интелектуална попреченост, сметаат дека подобро ја познаваат Конвенцијата, за разлика од мажите со попреченост а кај родителите на децата со попреченост ставот е различен, односно мажите сметаат дека подобро ја познаваат Конвенцијата, за разлика од жените родителки на деца со попреченост. Од друга страна, кај оние испитаници кои тврдат дека знаат за истата се забележува мешање на правата и принципите како и отсуство на познавање на опфатот на правата од Конвенцијата.
- Изјавите од фокус групата покажуваат дека лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост не го разбираат институтот на соодветно приспособување и што тој опфаќа во себе. Постои тенденција на негова замена со пристапноста воопшто.





# Заклучоци

- Постои широко прифатен став помеѓу испитаниците/чките дека лицата со попреченост воопшто не ја уживаат слободата на изразување, на еднаква основа со другите граѓани (49%), односно не може да бараат, да добијат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите (39%), алтернативните модели, средства и формати на комуникација не се прифатени и не се користат во официјалните контакти со лицата со попреченост (39,5%), знаковниот јазик не е официјално признат како јазик и неговата употреба не е промовирана доволно (42,5%) како и дека Браевото писмо не е официјално признато како писмо и неговата употреба не е промовирана доволно (54%). Значителен поголем број на лица со сензорна попреченост сметаат дека не ја уживаат оваа слобода, на еднаква основа со другите, посебно лицата со оштетен слух и вид како и родителите на децата со оштетен слух и оштетен вид.
- 61,5% од испитаниците/чките сметаат дека со граѓаните со попреченост се постапува како со граѓани од втор ред и дека општеството не е отворено за лицата со попреченост (84,5%).
- Активноста на државата во создавањето услови за достоинствен живот на лицата со попреченост во 51% ја оценуваат како недоволна, дополнителнето со 49% кои сметаат дека државата постапува само инцидентлно. Постои разликата помеѓу одговорите на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост според видот на попреченост, од која се забележува поголемо незадоволство од постапувањето на државата од страна на лицата со физичка попреченост и оштетен вид и посебно мажите во овие две категории, како и родителите на деца со физичка попреченост и оштетен вид и посебно жените во категоријата родителка на дете со физичка попреченост и комбинирана попреченост и мажите во категоријата родител на дете со оштетен вид.

# Заклучоци

- За мнозинството на лица со попреченост (53%) државата за активно да придонесе кон остварување на правата на лицата со попреченост треба да донесе посебен закон за достоинството и правата на граѓаните со попреченост. Од друга страна, родителите на децата со попреченост, сметаат дека државата треба да интервенира со поголеми финансии за семејствата и лицата со попреченост (43%). Постои мала разлика врз основа на пол, каде се забележува дека жените со попреченост без разлика на видот повеќе од мажите сметаат дека треба да се донесе посебен закон за достоинството и правата на граѓаните со попреченост. Од друга страна, родителките на деца со попреченост повеќе од мажите сметаат дека државата треба да интервенира со поголеми финансии за семејствата и лицата со попреченост.
- Висок процент од испитаниците/чките во кумулативен примерок, односно 46,5% сметаат дека сите институции треба да работат на подигнување на јавната свест за граѓаните со попреченост, додека 31% сметаат дека оваа обврска подпаѓа под Министерството за труд и социјална политика, и 22,5% под Министерството за правда.
- Од наодите на истражувањето се заклучува дека лицата со попреченост во 95% го поддржуваат воведувањето на системот на квоти за нивно учество во политичкиот живот, што не е случај и со родителите на децата со попреченост, каде разликата е во 30 процентни поени..





# Препораки

- Зголемување на свесноста кај лицата со попреченост за Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, своите права, и обврските на државата превземени со ратификацијата на Конвенцијата, посебно во насока на целосно остварување на правото на еднаквост и недискриминација.
- Создавање на национална практика со цел појаснување на анти-дискриминациските стандарди спрема лицата со попреченост, посебно со иницирање на actio popularis тужби за заштита на правото на еднаквост и принципот на недискриминација на лицата со попреченост но и за слободата на информирање и изразување преку алтернативните модели, средства и формати на комуникација.
- Од наодите на истражувањето се препорачува дека потребно е зголемување на капацитетот и на организациите на лицата со попреченост за застапување и вклучување во донесувањето на политики кои ги засегаат лицата со попреченост.
- Од наодите на истражувањето се препорачува дека потребно е иницирање на иновативни пристапи за зголемување на капацитетите на лицата со попреченост, посебно на младите, и нивните претставнички организации. Корисно е изработување на пишан материјал анализирајќи го посебно правото на еднаквост и недискриминација предвидено со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.
- Потребно е превземање од страна на државата на проактивни мерки за заштита од повеќекратната дискриминација, посебно на жените и девојките со попреченост како и на децата со попреченост, согласно стандардите на Конвенцијата.

# Препораки

- Од наодите од истражувањето произлегува дека лицата со попреченост како и родителите на децата со попреченост не знаат што претставува соодветното приспособување, па затоа се препорачува изработка на Водич за соодветното приспособување со примери за истото во различни сфери на општественото живеење.
- Потребно е превземање од страна на државата на проактивни мерки за зголемување на довербата кај лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост во напорите на државата за унапредување на положбата на оваа група на граѓани.
- Потребно е државата да размисли за донесување на посебен закон за достоинството и правата на граѓаните со попреченост и да интервенира со поголеми финансии за семејствата и лицата со попреченост. Дополнително, за зголемување на учеството на лицата со попреченост во политичкиот живот треба да се размисли за воведување на систем на квоти, како мерка која ужива голема поддршка од лицата со попреченост.
- Од наодите на истражувањето се препорачува дека потребно е организирање на промотивни настани, саеми и настани за вмрежување на лицата со попреченост и нивните претставнички организации во локалните заедници и на национално ниво.





# Библиографија

1.Директива на Советот 2000/78/ЕС од 27 ноември 2000 година, со која се воспоставува општа рамка за еднакво постапување во вработувањето и професиите (Council Directive 2000/78/EC of 27 November 2000 establishing a general framework for Equal Treatment in Employment and Occupation), [2000] OJ L 303/16.

2.Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, „Службен весник на Република Македонија“, бр.172/11.

3.Попоска Ж., Дискриминација врз основа на хендикеп во меѓународното право за правата на човекот, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, 2015 година.

4.Попоска Ж., Толкувач на Меѓународната Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации, Полио плус, Скопје, 2018 година.

5.Попоска Ж., Јовевски Л., Антидискриминациско право, Мисија на ОБСЕ во Скопје и Правен Факултет Јустинијан I – Скопје, 2017 година.

6.Стојкова Ж., Меѓународни норми и стандарди за лицата со попреченост, Полио плус, Скопје, 2004 година.

7.Устав, „Службен весник на Република Македонија“, бр.52/1991, од 22 ноември 1991 година.

8.Committee on the Elimination of Discrimination against Women, General Recommendation No. 25 (2004) on temporary special measures.

# Библиографија

9.Committee on the Elimination of Discrimination against Women, General Recommendation No. 28 (2010) on the core obligations of States parties under article 2 of the Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women.

10.Committee on the Rights of the Child, General Comment No. 9: The rights of children with disabilities, Forty-third session, CRC/C/GC/9, 27 February 2007. Достапно на: <http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/TBSearch.aspx?Lang=en&TreatyID=5&DocTypeID=11> [Пристапено на: 10 февруари 2018].

11.Committee on the Rights of Persons with Disabilities, General comment No.2 on Article 9: Accessibility, CRPD/C/GC/2, 22 March 2014. Достапно на: <https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G14/033/13/PDF/G1403313.pdf?OpenElement> [Пристапено на: 12 февруари 2018].

12.Committee on the Rights of Persons with Disabilities, General comment No.3 on women and girls with disabilities, CRPD/C/GC/3, 25 November 2016. Достапно на: <http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/3&Lang=en> [Пристапено на: 20 февруари 2018].

13.Committee on the Rights of Persons with Disabilities, General comment No.6: Article 5: Equality and non-discrimination, Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, CRPD/C/GC/6, 9 March 2018. Достапно на: <http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/6&Lang=en> [Пристапено на: 2 април 2018].

14.Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, F v. Austria, Communication No. 21/2014, CRPD/C/14/D/21/2014, Views adopted on 21 September 2015.



**ИЗГУБЕНАТА АГЕНДА**
Демистификација на прашањето на хендикеп во области на еднаквост и недискриминација

# Библиографија

15.Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Gemma Beasley v. Australia, Communication No. 11/2013, CRPD/C/15/D/11/2013, Views adopted on 25 May 2016.

16.Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, H.M v. Sweden, Communication No. 3/2011, CRPD/C/7/D/3/2011, Views adopted on 21 May 2012.

17.Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Marlon James Noble v. Australia, Communication No. 2/2012, CRPD/C/16/D/7/2012, Views adopted on 10 October 2016.

18.Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Michael Lockrey v. Australia, Communication No. 13/2013, CRPD/C/15/D/13/2013, Views adopted on 30 May 2016.

19.Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Mr. X v. United Republic of Tanzania, Communication No. 22/2014, CRPD/C/18/D/22/2014, Views adopted on 31 August 2017.

20.Committee on the Rights of Persons with Disabilities, S.C v. Brazil, Communication No. 10/2013, CRPD/C/12/D/10/2013, Decision of 28 October 2014.

21.Fredman S., Double Trouble: Multiple Discrimination and EU Law, The European Network of Legal Experts in the Non-Discrimination Filed, European Anti-Discrimination Law Review Issue No.2, October 2005.

22.UN Convention on the Rights of Persons with Disabilities, Resolution adopted by the General Assembly on 13 December 2006, UN Doc. A/RES/61/611, 24 јануари 2007 година. Достапно на: <https://treaties.un.org/doc/source/docs/A_RES_61_106-E.pdf> [Пристапено на: 1 февруари 2018].

# Библиографија

Интернет-извори (online sources)

1.UN portal

http://www.un.org

2.OHCHR portal

http://www.ohchr.org

3.FRA portal

http://infoportal.fra.europa.eu

4.European Network of Legal Experts in the Non-Discrimination Field portal

www.non-discrimination.net

5.Academic Network of European Disability Experts portal

http://www.disability-europe.net

6.EU portal

http://ec.europa.eu



## Полио Плус – движење против хендикеп

Полио Плус е македонска мултиетничка, мултиконфесионална граѓанска организација на лица со и без хендикеп која работи на суштинско поврзување и целосно остварување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп.

Нашата мисија е јакнење на самодовербата на лицата со хендикеп и креирање на општество со еднакви можности за сите.

Мисијата ја оствaруваме преку застапување и лобирање за промена и унапредување на легислативата, образование, вработување и независно живеење на лицата со хендикеп од една страна, како и подигнување на јавната свест, афирмирање на нивната креативност и придонес во заедницата од друга страна.

“Полио Плус не патува сам”. Нашата мисија ја остваруваме заедно со другите чинители во општеството.

Контакт

Полио Плус – движење против хендикеп

Булевар Авној 64 локал 2

1000 Скопје Македонија

Телефон / Факс : +389 2 2400 544

Е- пошта: polioplus@polioplus.org.mk

MARGINA OBSCURA

*Прашањето на хендикеп во притсапувањето кон Европската унија*

ЕУ за ТЕБЕ

ACED

Agency for Cooperation, Education and Development

Полио Плус

движење против хендикеп